**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Деветнаесетото продолжението на Педесеттата седица на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 март 2004 година**

Седницата се одржа во зградата на Собранието, сала 1, со почеток во 10,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа по Педесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Љубисав Иванов-Ѕинго, Иван Анастасовски, Благоја Гешовски, Зоран Шапуриќ, Андреј Жерновски, Ванчо Георгиев, Љубчо Георгиевски, Љубе Бошковски, Петар Наумовски, Никола Груевски, Сашко Кедев, Ганка Самоиловска-Цветанова, Али Ахмети, Талат Џафери, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Минуваме на точка 24 - **Предлог на закон за матична евиденција за осигурениците и корисниците на правата од пензиското и инвалидското осигурување.**

Бидејќи претресот по текстот на Предлогот на законот е заклучен, мора Предлогот на законот да го гласаме.

Предлогот на закон го ставам на гласање и ве повикувам да гласате.

Гласале 46 пратеници, за гласале 45 пратеници, 1 воздржан, против нема.

Ги молам службите да констатираат колку се присутни пратеници во салата.

Претпоставувам дека координаторите ги известиле своите пратеници дека од 1 март почнуваме со работа од 10,00 часот. Затоа, ги молам сите пратеници по канцелариите, во Клубот, во холовите, да влезат во салата.

Ги молам службите уште еднаш да го утврдат бројот.

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Бидејќи сега во салата се присутни 62 пратеници, можеме да пристапиме кон гласање.

Ве повикувам да гласате.

Вкупно гласале 62 пратеници, за гласале 62 пратеници, воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

Минуваме на точка 25 - **Предлог на закон за евиденциите во областа на трудот.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 33 став 3 и на член 58 став 1 точка 3, член 42 став 1 и на член 50 став 2.

Отворам претрес по амандманот на член 33 став 3 и на член 58 став 1 точка 3, поднесени од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

МАКСУД АЛИ:

Се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува дел од законот.

Дали некој друг бара збор?

Збор бара госпоѓа Ана Андова.

Повелете.

АНА АНДОВА:

Благодарам господине претседателе, почитувани колеги и колешки.

Дозволете сосема накратко да се осврнам по овој предлог на закон и тоа во контекст на претходно донесениот Закон за матичната евиденција од пензиско инвалидско осигурување, кој штотуку го изгласавме, како и од потребата за воспоставување на нов систме на евиденција од областа на трудот. Во врска со тоа,

дозволете сосема накратко да прокоментирам неколку членови, односно материјата која неколку членови во вид на новини ги содржи овој предлог на закон.

Се предлагаат две нови евиденвции со член 1 точка 1 и точка 7 и тоа евиденција на работодавачите и евиденција за штрајкови.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам госпоѓо  Андова, јас направив грешка, така што не отворив општ претрес по текстот, подоцна, бидејќи имаме уште амандмани, а ова беше по амандманот за збор, но бидејќи е прифатен, ве молам подоцна да се пријавите.

Отворам претрес по амандманот на член 42 став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

МАКСУД АЛИ:

Се прифаќа амандманот, се работи за техничка грешка.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел а законот.

Отворам претрес по амандманот на член 50, став 2, поднесен од Законодавн-правната комисија.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

МАКСУД АЛИ:

Се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува дел од текстот на законот.

Сега, продолжуваме со претресот по текстот на Предлогот на законот.

Повелете госпоѓа Ана Андова.

АНА АНДОВА:

Значи, еве, да продолжиме околу новините кои се предлагаат со овој закон и тоа во врска со новите видови на евиденции и што со тоа се нуди. Евиденцијата на

работодавачите, согласно овој предлог-закон ќе ја води Заводот за вработување во член 2.

Би сакала да истакнам дека оваа евиденција, овој тип на евиденција во иницијален вид веќе е започната да се води од пред неколку години, со воведување на тогаш новите програми, така се нарекуваа, за автоматска обработка на податоци. Во сите видови, во сите алинеи во членот 1, сега во целост се содржани сите потребни податоци, а кои се во врска со членот 6. Евиденцијата на штрајкови, согласно новиот Закон ќе ја води работодавачот, исто така, кај кого се случува штрајкот и асоцијацијата на мнозинскиот синдикат и тоа е уредено во членовите 26, 27 и 28.

Во стариот Закон го нема исто така и може да се смета за новина следното, барањето податоци за платените придонеси и даноци од плата и тоа го уредуваат членовите 20 и 21 и оваа евиденција со овој закон задолжен е да ја води работодавачот. Со тоа е се добијат комплетни податоци за вработените, кои се однесуваат на една комплетна слика.

Исто така, јас би сакала да ги поздравам и новините кои ги донесуваат неколку ченови, кои се однесуваат на казнените одредби, бидејќи за една материја која ја уредува закон кој долго време не бил обновен или реновиран, претпоставувам дека е потребно да има предвидено одредени санкции, за да може новите видови на евиденции, не само да се прифатат, бидејќи на тоа обврзува законот, туку и што е можно побрзо да се стават во функција или да се имплементираат.

Од практична гледна точка многу се користи односно за корисни може да се сметаат следните измени, намалување на рокот на пријавување на промените од податоците дадени во член 18, за невработеното лице и од 15 на 8 дена во член 19 и зголемување на рокот на пријавување во Бирото за вработување на македонски граѓани, кои биле на привремена работа во странство. Исто така, тука дава еден простор на овие граѓани да ја средат својата евиденција.

Во останатиот дел од текстот на законот промените се однесуваат на терминолошко усогласување со тековниот статус на прашањата кои ги регулира овој закон, бидејќи последниот закон е кој ја уредуваше оваа материја од 1990 година. Зошто ги сметам за корисни овие измени, заради тоа што со имплементирањето на овој закон во пракса ќе се придонесе несомнено да се зацврсти и да се прошири врската помеѓу институциите кои водат матична евиденција на граѓаните од сите области и тоа Завод за вработување, Пензискиот и здравствениот фонд, органот за внатрешни работи, Центарот за социјална работа и институциите кои се бават со

статистика. Посебно со воведувањето на евиденцијата на работодавачите се устројува целосна прегледност на овие правни субјекти од аспект на личен легитимитет и на правниот субјект и на вработените кај него, начинот на засновање на работен однос, како и сите промени кои настануваат во текот на работењето на истите. Ова до сега не беше остварливо, поготово после трансформацијата на институцијата за службено книговодство. Со прецизирањето на податоците, со можноста за хоризонтално и вертикално поврзување по електронски пат, се создаваат можности за различни приоди во анализата на понудата на работната сила, која за одредени институции од друг вид и други инстанци, се разбира, ќе значи една солидна основа, една солидна база на податоци за градење и за креирање на политики во смисла на флексибилност и прилагодување на работната сила спрема барањата на модерниот пазар на трудот.

Исто така, треба да се истакне и прашањето за доедуцирање на стручните служби, кои веќе имаат совладано една фаза која претходно ја спомнав, која тогаш се нарекуваше автоматска обработка на податоци, а со хоризонталното и вертикалното поврзување се влегува во новата фаза односно во примената на информатичката технологија во јавната администрација на начин иманентен на начинот кој се практикува во европските земји. Поширока дебата водевме на матичната Комисија и во расправата кога беше Предлогот за донесување на закон. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Повелете госпоѓа Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, претставници на Владата,

Од 1992 година во Република Македонија во сила е преземениот закон за евиденции во областа на трудот од поранешната СФРЈ од 1990 година. Денес Предлогот на законот кој што го имаме за евиденции од областа на трудот, всушност, е препис на Законот за евиденции во областа на трудот на ниво на поранешната СФРЈ од 1977 година. Овде го имам Законот за евиденции на трудот од 1977 година и може да се види дека речиси буквално е направена копија на овој закон.

Со донесувањето на добар закон за евиденции во областа на трудот на ниво на Република Македонија и на него соодветни подзаконски акти, покрај тоа што треба да се утврдат евиденции што ќе содржат статистички податоци од интерес за целата земја, мошне значајно е тоа што треба да се подобри евиденцијата на невработените лица односно да се одвојат лицата кои навистина бараат вработување, од оние кои во Заводот за вработување се пријавуваат само заради користење на некои права.

Заводот за вработување треба да стане една вистинска берза на трудот и да добие многу важна улога во остварувањето на целите на економската политика. Ова значи дека со донесување на овие акти треба да се обезбеди упростување на евиденциите, подобра евиденција за невработените лица, неопходниот оптимом на податоци за невработените лица и за нивното вработување што едновремено ќе биде потрајна база на информациониот систем.

Поатаму, раздвојување на стварно невработените лица од лица кои бараат вработување, значи поради користење на одредени социјални права, понатаму поголема соработка треба да има на заводите за вработување со другите институции и по функционална служба.

Но, поради неквалитетот на текстот, се сомневам дека со вака предложениот предлог за донесување на закон  може да се остварат потѕребните цели. Еве, ќе набројам самонеколку недоследности што ги предизвикуваат овие сомнежи:

Најпрво, некомпатибилноста на ваквиот предлог за донесување на закон со европското законодавство. Се чини дека предлагачот каковоопшто да не се ни потрудил да ги проучи законите на некои од европските земји, од Европската заедница штоја регулираат оваа материја. А, нели сите се догоовривме дека новите закони што ќе ги носиме ќе се потрудиме да бидат усогласени со европското законодавство.

Очевидно, наместо да се изготви нов текст, прилагоден со законите од европската заедница, каде што се стреми да влезе и РМ , предлагачот на Собранието на РМ му нуди текст со анахрона содржина , текст од времето на социјалистичкиот систем, текст што скоро сосема е препис, како што кажав, на Законот за евиденција од областа на трудот на ниво на СФРЈ од 1977 година. Искрено се сомневам дали министерот Манасиевски воопшто и го знае ова.

Во текстот на Предлогот за донесување на законот се содржани дело што подолг период, наместо да го растоварат, драстично ќе го усложнат функционирањето на Заводот за вработување. Еве примери.

На страна 7, во членот 18, точка 1 на Предлгоот за донесување на закон, покрај презиме и име, како потребен податок е внесен податокот за татково име, што задолжително треба да ја содржи евиденцијата на невработените лица. Овој податок не се бара со постојната евиденција. Не е ни неопходно, бидејки евиденцијата на невработените лица се води со единствен матичен број (ЕМБ) на граѓанинот. Воведувањето и ажурирањето на тој податок во информациониот систем на Заводот за вработување ќе предизвика сериозни непотребни проблеми проследени со огромни мешаници во Заводот за вработување и во некои минситерства, но особено ќе има огромен револт кај околу 400 иљади невработени лица кои , за докажување на татковото име ќе бидат принудени на дополнителни трошоци да плаѓаат и доставуваат до Заводот за вработување дополнителна документација.  Нејасно е дали Заводот за вработување е свесен воопшто за овој проблем што ќе го предизвка носењето на ваквито закон.

На страна 7, член 18, по точката 3 на Предлогот за донесување на закон како потребен податок е внесен податокот за ден, месец и година на раѓање, Што задолжително треба да го содржи евиденцијата на невработените лица. Апсурдноста во барањето за евидентирање на овој податок се состои во тоа што податокот за ден, месец и година на раѓање на невработеното лице е задолжителен податок во претходниот податок, односно сите знаеме дека беше воведен ЕМБ на граѓанинот, во кој штојасно е дадено кога лицето е родено, така што воопшто нема потреба тоа да се прави. Ова говори дека изготвувачот на Предлогот на законот не ја владее солидно и дека има огромен недостаток од познавање на оваа материја.

Се претпоставува дека, заради реформирање и дебирократизирање на Заводот за вработување Што преку медиумите особено беше наговестено од минситерот Манасиевски, со Предлогот на законот треба да се овозможи поголема соработка на Заводот за вработување со другите институции. Пред се поврзување на Заводот за вработување со соодветните центри на другите установи, мислам на компјутерските центри на другите установи како што е МВР, центрите за социјална заштита, фондовите за здравствено осигурување ПИО на РМ , Управа за приходи, Катастар,Завод за статистика, судовите, универзитетите и т.н.

Но, во Предлогот на законот овие релации помеѓу евиденцијата и институциите задолжени за овие евиденции не се востановени со потребни одредби и покрај поврзувањето на Заводот за вработување и бироата за вработување во единствена компјутерска мрежа на територијата на целата држава во претходниве години.

Поради неговото огромнозначење за РМ можеби е најдобро Предлогот на закон за евиденција во област ана труидот да се врати на изработка а не на повторна преработка до предлагачот, со препорака во изработката на текстот на овој закон, наместо досегашните лица да се ангажираат врвни експерти од оваа област кои покажале забележителни резултати токму во областите што се третираат со овој закон и задолжително да се консултира европското законодавство.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, госпоѓо Бонева.

Реплика има госпоѓа Андова.

Повелете, имате три минути.

АНА АНДОВА:

Еве, сосема на кратко би сакала да кажам дека воопшто не се согласувам со ставот на колешката Бонева и тоа во однос на точките 1 и 3 од членот 18 и забелешките што таа ги изнесе по овие точки, заради тоа што од вработените во заводите, во бироата за вработување апсолутно не се бара и нема потреба да се бара еден висок степен на информатичка подготвеност, туку токму толку колку што треба за да манипулираат со податоците за кои што се задолжени.

Точно е тоа дека од ЕМБ може да се добијат многу податоци. Тогаш да работиме само со ЕМБ и која општина е и дата на раѓање и возрасни категории и т.нн. Меѓутоа, сортот како форма или сортирањето како еден метод и начин на добивање податоци апсолутно треба многу обука и учење, а не е апсолутно потребно да го учат тоа вработените во заводите за вработување, заради тоа што тоа што се бара од нив, оваа евиденција е сосема друго. Сосема друга работа.

ЕМБ, ние не зборуваме во овој момент и овој закон не предвидува компјутерска мрежа или поврзување на сите информации, меѓутоа тоа што го усвоивме со претходнито Закон и ова што е дадено тукаи по овој закон, со

задолжителното користење на ЕМБ и даночен број, исто така што се третираШе во претходниот Закон, во матичната евиденција за ПИО се една солидна оснвоа, солидна база и претпоставени вредности врз основа на кои може да се гради таа мрежа на компјутерско поврзување и податоци што ќе можат сите овие институции што и јас во својата дискусија и колешката во својата дискусија ги нагласи.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минута госпоѓо Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Очигледно мојата дискусија од страна на госпоѓа Андова воопшто не била разбрана. Јас зборував дека наша цел треба да биде да носиме закони што ќе бидат успогласени со европското законодавство, закони што ќе бидат во прилог на РМ за водење точна евиденција.

Овој закон, реков дека буквално е препис на Законот за евиденции од областа на трудот од 1977 година, од бившата СФРЈ. Токму заради тоа е тоа двојство. Матичниот број беше установен во РМ подоцна, после 1977 година и токму заради тоа сметам дека треба да се преработи овој закон.

Во однос на компјутерското поврзување, во однос на тоа колку треба и како треба да бидат обучени нашите заводи за вработување и луѓето кои се таму, несомнено дека е неопходна нивна обука, меѓутоа, само во прилог на компјутерското поврзување дека е неопходно. Ќе кажам пример дека во сите земји на Западна Европа и преку океанските земји, компјутерското поврзување само на институциите од образованието на возрасни и заводите за вработување е прекрасно. Тоа е само еден сегмент, а камоли и сите други сегменти.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Бонева.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ве молам, сите пратеници што сте излезени да влезат во салата, ќе пристапиме кон гласање.

Почитувани пратеници, Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Вкупно гласале 64 пратеници, за гласале 55 пратеници, 2 воздржано, а 7 против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот.

Минуваме на **точката 26 - Предлог на закон за органско земјоделско производство.**

Предлогот за законот и извештаите на раотните тела на Собранието ви се доставениодносно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандман на член 11 став 3, на член 17 став 1 точка 1, член 19 ставовите 2, 3, 4 и 5 член 25 став 2, член 30 и на член 31 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 11 став 3 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

БЕСИР ЈАШАРИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 17 став 1 точка 1 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

БЕСИР ЈАШАРИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 19 ставови 2, 3, 4 и 5 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

БЕСИР ЈАШАРИ:

И овој амандман се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 25 став 2 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

БЕСИР ЈАШАРИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 30 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

БЕСИР ЈАШАРИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 31 поднесен од ЗПК.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

БЕСИР ЈАШАРИ:

И овој амандман се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменик министерот за земјоделие.

БЕСИР ЈАШАРИ:

Предлог на законот за органско земјоделско производство е еден од многу битните закони во земјоделието односно еден од генераторите за иднината на земјоделството во Република Македонија.

Инаку, се работи за сигурносна храна односно здрава храна која би била произведена во државата која не би била третирана со вештачки ѓубрива, пестициди, хормони и други работи.

Ваквите производи се меѓу најбараните во ЕУ и мислиме дека со овој закон нашите производи ќе бидат пласирани во иднина чија цена е многу повисока од обичните производи кои се пласираат надвор од државата.

Освен вештачките ѓубрива односно земјоделските производи понатаму органското производство би било производство од анимално потекло односно органски здрава храна, анимална, која подразбира тие производи не смеат да имаат во својот состав  било да е јагнешко месо кое се извезува или друго месо во својот состав да имаат антибиотици, хормони и други резидуи.

Само еден пример да изнесам ако би се нашло антибиотик хлорафеникол кој е забранет во таквото месо истиот има карценогена итиологија во коскената срцевина кај децата. Самиот факт покажува зошто е тоа така и зошто подлегнуваат на вакви контроли земјоделските производи кои треба да бидат извезени во ЕУ.

Инаку, посетени се неколку држави меѓу нив Бугарија и Унгарија кои имаат искуство со ваквите органски производи, а користени се и работните верзии на Унгарија, Словенија, Хрватска и Бугарија.

Исто така, побарани се мислења од разни субјекти во државата како што е Земјоделскиот факултет , Факултетот за ветеринарна медицина, Институтот за земјоделство, Институтот за јужни култури во Струмица, Институтут на сточарство, Агенцијата за поттикнување за развој на земјоделието и пионер куќата која се бави со овие производи Алкалоид од Скопје.

Усогласена е Регулативата 2092/91 од Европската регулатива со која секој еден производ ќе има етикета однсоно ќе биде етикетирано органско производство кое како такво ќе биде изнесено надвор.

Истото важи и за генетски модифицирани производи кои се добиени, тие нема да бидат етикетирани и сосема на крај сакам да кажам дека на пазарот во Германија од овие производи годишно има промет од 2 милијарди марки односно сега 1 милијарда евра, што значи и те како е битна нашата иднина односно иднината на нашето земјоделство во ЕУ со овој закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има пратеникот Петар Апостолов, а нека се подготви пратеникот Мите Николов.

ПЕТАР ПОСТОЛОВ:

Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници,

Република Македонија е една од ретките земји во светот во која не е воведено органското односно биолошко земјоделство, а основна причина е што во Македонија има недостаток од основните знаења и информации за органското земјоделско производство.

Накратко би се задржал на самиот Предлог закон, бидејќи првата фаза односно Предлогот за донесување на закон за органско земјоделско производство е усвоен некаде во јануари 2002 година и овде би апелирал овие две фази не се толку долги односно должината на овие две фази е веќе две години.

Сакам да нагласам дека е погрешна употребата на термините чиста храна, здрава храна, бидејќи за овие форми на храна не постојат критериуми и стандарди и нема дефинирано закон а додека органското земјоделско производство, доработката, органските ѓубрива итн., подлежат на закон и на меѓународните стандарди.

Во членот 22 јасно стои како се продаваат органските производи и тоа на самото место на производството, односно на производната единица на точно назначено место, во продавница, на издвоени и јасно означени места одвоени од другите производи и на специјално одредени пазари за свежи производи и преработки каде нема мешање со други производители кои не се регистрирани за органско производство и не го применуваат во целост овој систем.

Спрема насоките и стандардите на Светската организација за органско производство стандардите на органско земјоделство на ЕУ, како и овој Предлог закон за кој се надевам дека ќе го усвоиме, производителите кои сакаат да се пренасочат и да започнат да се занимаваат со органско земјоделство во својата производна единица мора најпрво да поминат преодна фаза во која започнува со првиот стручен надзор со што се утврдува почетната состојба на производната единица и способноста на работната единица да ги задоволи сите пропишани стандарди.

Како што е пропишано и во самиот член 9 од Предлог-законот, а задолжителен период на Конвенцијата е обично од 1 до 5 години во зависност од состојбата на производната единица.

За поттикнување и развој на органското производство, како што стои во Предлог-законот во членот 7, Владата на Република Македонија треба да донесе годишна програма и тоа најдоцна до 31 декември во тековната година за наредната година, при што ќе обезбеди финансирање на програмата и тоа со средства од Буџетот на Република Македонија, донации, кредити и други приходи. Но, се надевам дека министерот нема да го користи правото поблиските прописи од овој закон ги донесе во рок од една година, туку ќе ги донесе порано за да би можело да се стартува со програмата во 2005 година, во спротивно би изгубиле една година затоа што не би можело да се предвидат средства во Буџетот на Република Македонија.

Да се надеваме дека со едно забрзано темпо со подигната еколошка свест и во Република Македонија органското земјоделство ќе го трасира својот пат.

Пратеничката група на ЛДП ќе гласа позитивно за овој Предлог-закон.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, г-дине Апостолов.

Повелете г-дине Николов.

МИТЕ НИКОЛОВ:

Почитуван претседателе, почитуван заменик министер и останати членови на Владата, колешки и колеги -пратеници.

Комисијата за земјоделство, шумартсво и водостопанство, при Собранието на Република Македонија расправаше по Предлог законот за органско земјоделско производство и на истиот му даде зелено светло.

Со овој закон се уредува производството, подготовката и маркетингот на земјоделските производи кај кои се применети методите за органско земјоделско производство.

Одредбите од овој закон се применуваат како за хуманите прехрамбени производи така и за производите наменети за исхрана на животните кај кои се применуваат методите на органско производство, бидејќи на крајот и производите од животните ќе бидат употребувани во хуманата исхрана.

Овој закон има за цел заштита на органското производство, зголемување на природната плодност на почвата со примена на методи кои најмалку ги загадуваат почвата, водата и воздухот. Заштита на биодиверзитетот со планирано користење на природните ресурси, заштита на потрошувачите од заблуди со обезбедување на етикети кои ги означуваат методите за органскиот производ. Стручна контрола и

инспекција на сите фази во производството и прометот на органските земјоделски производи и транзиционен период на конверзија на производството од конвенционален во органски.

Начелата на овој закон се обезбедување на производство на храна со потврдена вредност, заштита на потрошувачите, заштита на природните ресурси од загадување, одржување на социјално економска рамнотежа на селото, добивање на производи со потврден квалитет кои ќе бидат конкурентни на светскиот пазар и строго превенција од употреба на штетни заштитни средства во растителното и животинското производство.

За поттикнување на развојот на органското земјоделско производство, Владата на Република Македонија има донесено годишна програма, а средствата за финансирање на истата се обезбедуваат, како што колегата кажа, од Буџетот на Република Македонија, од донации, кредити, и други приходи.

При производството, преработката и прометот на органското производство се врши задолжителна стручна контрола од страна на овластено домашно или странско правно лице кое е регистрирано за вршење на стручна контрола, а за странските правни лица треба да имаат постојано седиште или претставништво во Република Македонија.

Стручната контрола која мора да има простор, опрема и најмалку три стучнаци со високо образование и со најмалку 2 години работно искуство од областа на органското производство добива овластување од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Надзорот на применувањето на одредбите од овој закон, како и прописите донесени врз основа на истиот врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство преку Државниот инспекторат за земјодество, односно државните инспектори за земјоделство.

Во жленот 24 од овој закон дадени се сите дејствија кои овластените инспектори можат да ги преземат доколку при надзорот е воочено непридржување на процесот на производството, етикетирањето, прометот, транспортот и складирањето спрема Законот за органско-земјоделско производство.

Со предложените решенија од овој Предлог-закон се врши нормативно регулирање на основните услови и контрола на органското производство, преработка, промет, увоз и извоз на органски земјоделски производи.

Овој закон е усогласен со регулативите на ЕУ, а користени се и закони на Унгарија, Словенија, Хрватска и Бугарија. Во светот се поставени основните правила

за органското производство и тоа како приоритетни задачи во наредните години преку организациите како што се: ФАО, Кодекс, Алиментариус на ФАО и Светската трговска организација, за Програма за стандарди на храна издадени 1999 година, ИФА, меѓународна федерација за движење на органското земјоделство. Заендичко за земјите производители на органска храна е производи што се зачленети во една од наведените меѓународни организации, членувањето фактички подразбира отворена трговска размена со сите држави, бидејќи овие производи немаат ограничување во трговијата. Затоа, овој Предлог на закон е од огромно значење и ќе значи преродба на нашето земјоделство и нашето село, бидејќи тоа значи излез и пласман на наши производи на сите пазари во светот.

Јас како член на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство за истиот закон гласав на Комисијата, а и денес ќе го сторам истото.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има пратеникот Марјан Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитуван г-дине претседателе, почитуван г-дине заменик министер, претставници на Владата на Република Македонија, почитувани дами и господа пратеници,

Според мое мислење овој закон претставува еден од клучните закони каде Република Македонија со неговото донесување во Македонскиот Парламент ќе има можност да биде една од земјите што во одделен вид на производство ќе може да биде поконкурентна, попрофитабилна и да овозможи подобар стандард на македонските граѓани отколку што можат високо развиените земји во Европа.

Јас во моето обраќање денеска ќе се обидам да појаснам некои делови од законот и она што е поважно, по мене, а тоа е да дадеме препораки во насока на натамошна имплементација на законските одредби и чекори кои треба да се преземат за да може навистина овој вид на производство да биде практикуван во Република Македонија.

Органското земјоделско производство во основа ја потврдува временската димензија на опстанокот на човештвото воопшто со тоа што можеме најсликовито да го прикажеме преку синтагмата нашето подалечно минато да претставува наша иднина.

Меѓународната федерација за оранско производство кратенката ИФАМ со седиште во Базел - Швајцарија, покрај своите правно регулаторски аспекти на секоја

меѓународна асоцијација ги определува и поимот, дефиницијата, суштината, принципите, сертификацијата и сето она што претставува регулатива на една меѓународна асоцијација и чинам дека во тој контекст образложението кон Законот недоволно го објаснува овој тип на органско земјоделско производство и се работи само за голи законски одредби, а не и појаснувања кои ќе значат и во Македонскиот Парламент и за оние кои ќе го практикуваат македонските земјоделски пред се одделни толкувања.

Најпрвин органското земјоделско производство во основа е дефинирање на процес на производство, а не дефинирање на производ. Значи, не се работи за еден органски производ, туку на еден долгорочен процес кој треба да се вгради во македонскиот Агроекономски систем и оттука да произлезе органски земјоделски производ. Тоа е поимот на оранското земјоделско производство, согласно меѓународните стандарди на федерацијата на органско-земјоделско производство. Тоа значи дека органското земјоделско производство е систем на производства кој вклучува усогласени земјоделски, социјални, економски компоненти и на таков начин сетот оа овозможува зачувување на животната средина, права животна природна средина, биолошка рамнотежа и биолошка разновидност на македонскиот Агро-еко систем. Тоа е дефиницијата и во основа понатаму се продолжува дека ова органско производство на нашата територија треба да овозможи примена на Агротехнички, механички и биолошки методи кои ги исклучуваат примената на синтетички материјали, односно препарати како што се пестициди, инсектициди, хербициди или примената на хормони или на генетски модифицирани организми, но тоа не значи, во целост дека се исфрла од употребата на синтетички препарати, одделни бакарни, сулфурни или примена на феромони при борбата против калифорнискиот трипс или другиот вид на трипс во одгледувањето на оранжериски производи под пластениците укажува на тоа дека мора да бидеме многу внимателни при дефинирањето и при определувањето на она што претстаува точката 1 до точката 8 од Законот особено во точката 7 и точката 8 од Законот кои говорат за програмата која треба да биде сочинета по повод ова производство и точката 8 Комисијата која ќе ги дефинира производите од овој вид на производство значи органско-земјоделско производство.

Дефакто, тука се работи за одржување на биолошката рамнотежа на македонскиот агро еко систем. Во основа тоа е органско земјоделско производство и основните принципи се производство на безбедна храна, храна која произлегува од

природата при што човекот само доаѓа во контакт со природата, а не се стреми да ја овладее, не се стреми да и го смени нејзиониотј првобитен облик.

На крајот ова производство, пак ќе кажам, одржување на биолошката рамнотежа со најмала потрошувачка на енергија. Тоа се главните постулати, главните принципи и суштина на органското земјоделско производство, затоа што секое производство на синтетички препарати, дали се работи за минерални ѓубрива, дали се работи за хемиски супстанци подразибра огромна потрошувачка на енергија, а таа потрошувачка на енергија во основа при органско земјоделско производство треба да биде затворен круг на користење. Тоа значи, дека производството на млеко покрај производстовто на млеко од животните се произведува и ѓубре, тоа ѓубре оди понатаму на преработка, се фрла во земјата, потоа азотот се врзува за земјата, преку земјата се раѓа нов производ како житна култура,  таа оди во исхрана на добитокот и подоцна повторно се враќа во вид на производ.

Тоа е, во основа, суштината, тоа се во основа принципите, поимот и дефиницијата на органското земјоделско производство и затоа треба да водиме особена грижа затоа што тоа е мошне сензибилно и тешко се прави диверзификација помеѓу она што претставува природно земјоделско производство и она што претставува, она што го имаме денеска во Република Македонија, а органско земјоделско производство кај нас во Република Македонија сеуште не е востановено или се прават обиди, меѓутоа, не можеме да кажеме дека имаме органски земјоделски производ.

Во вториот дел од моето обраќање до вас денес би сакал да кажам дека во втората глава каде се кажува за контролата, евиденцијата, системите на сертификација кои ќе бидат воведени во Република Македонија од член 9 до член 15 исто така треба да дадеме појаснување за оние кои ќе го користат овој вид на производство, а тоа е дека Република Македонија има огромна компаративна предност од едноставна причина што ние не сме ги користеле во доволна мера на почетокот на овој век изумите и пронајдоците на Дајнер-бенс или на било кој друг кои овозможија западните земји во овој момент да имаат загадена почва, да имаат проблеми со нуклеарниот отпад, да имаат проблеми со тврдите отпадоци, да имаат проблеми со хемиските отпадоци на БСФ, или на Румпулен во Франција, тоа во Македонија го нема. Ако некаде Македонија има шанса да влесе во натпревар дека има  подобар профит на супстанца, дека има подобра економичност, дека има подобра рентабилност од високоразвиените земји во Европа, тогаш токму тоа е во органското производство не заради друго заради тоа што имаме земјоделци кои се

потпираат на традицијата, ретко применуваат агротехнички современи методи и на таков начин не ја загадиле Македонската земјоделска површина, потоа имаме традиционално производство кое со векови било емпириски потврдувано како квалитетно производство и на крај нашиот производ сеуште и во оваа форма која денес ја имаме наоѓа пристап до Европските пазари, а доколку успееме да го направиме тоа со сертифициран квалитет, она што претставува одредба во член 14 и 15 од овој закон, тогаш тоа ќе биде навистина голем успех за македонското земјоделство пред се, а подоцна за македонската економија.

Имено, за што се работи? Овој закон сосема оправдано го третира проблемот на каков начин ќе го сертифицираме овој производ. Во 2000 година Собранието на Меѓународната федерација за органско земјоделско производство во Базел - Швајцарија се доенсени принципите и методологијата како органското земјоделско произвоство ќе се сертифицира и Република Македонија, за жал, во овој момент нема ниту една институција за сертификација ниту на било кој  друг растителен производ прилагоден согласно европските сертификаторски куќи и првиот чекор по донесувањето на овој закон треба да биде Владата на Република Македонија да преземе мерки во програмата за едукација на македонски стручни кадри еден дел од тие стручни кадри, таа работа е направена со Кралството Холандија да ги посетат државните или полуприватните, полудржавни сертификаторски куќи во Холандија кои се можеби едни од најдобрите во ЕУ и оттука да можат тој модел да го клонираат, да го пренесат во Република Македонија со добиени едукативни упатства како стручни кадри, а подоцна тоа да го направат во вид на организација, во вид на правна регулатива, и на таков начин навистина нашиот органско земјоделски производ да добие сертификат дека тој е добиен од органски процес на земјоделско производство, не како производ туку добиен во еден процес кој ќе биде сигурно во неколку етапи верифициран како таков особено преку тие сертификаторски куќи.

Клучот на успехот на Македонското земјоделство во настап на европските пазари. Ако сме успеале во делот на ветеринарната контрола Република Македонија треба да има шест фертифицирани  кланици согласно Европските стандарди тогаш ќе мораме и во делот на фитосанитарното докажување, она што претставува доказ за земјоделското производство да отвориме односно да успееме да едуцираме кадри и да отвориме еден можеби огранок, може да биде и филијала на холандската сертификаторска куќа со која што сигурно можеби во вид на гранд Холандското кралство како и досега ќе и помогне на Република Македонија тоа да биде отворено.

Она што мислам дека треба да следи после донесувањето на оваа законска регулатива, тоа е поттикот, тоа е едукацијата и тоа се сревствата кои што треба да ги добијат македонските земјоделци.

Уште леднаш ќе кажам декларативно за добрите работи во делот на законската регулатива. Ова е навистина добра работа, ова е за поздравување, овој закон сметам дека сите треба да го прифатиме, значи исчекор напред, меѓутоа во втората фаза кога треба да определиме средства за да можеме да ги едуцираме македонските земјоделци, кои се најпрогресивната категорија, затоа што имаат успеси и при сегашно ниво на продуктивност во Република Македонија земјоделското производство го одржува нивото на својата продукција, додека индустриското производство паѓа за повеќе од 100%, паѓа туризмот, паѓа угостителството, а земјоделството се држи во рамките плус -мионус 5%, а тоа покажува дека ние сме подготвени да се фатиме во костец со проблемите кои ги наметнува Европската конкуренција. Одтука потребни се сревства за едукација. Секогаш постои одговорност дека ние сме сиромашна земја, не сме Холандија кои што имаат многу пари, ние сме посиромаси и затоа неможеме да добиеме пари. Ако ЕУ издвојува 90 милијарди, 40 милијарди буџет за земјоделство една милијарда евра можеме да издвоиме, барем 20 милиони за она што претставува поттик, едукација, средства не само за овој вид на производство, овој вид на производство ќе биде по таа програма, меѓутоа дел од тие средства треба да бидат издвоени за поттикнување на тоа производство. Значи, таа максима дека ние сме сиромашни и затоа неможеме да го едуцираме македонскиот земјоделец не држи. Можеме барем за толку колку што имаме и сили и економски потенцијали и она што претставува стручен кадар во Република Македонија  за едукација во оваа насока.

Сега имаме закон, тоа е многу важен чекор ќе го донесеме се надевам и што би требало уште да се направи. Би требало да се подигне нивото на свеста на потрошувачите, а тоа подигање на нивото на средстватас на потрошувачите не оди туку така, тоа е долгорочен процес преку маркетинг кампања . Значи не треба да има само политички кампањи, туку треба да има и маркетинг кампањи за да луѓето јадат здрава храна, природна храна. Потоа треба да имаат создавање на услови за пласман на таквото производство, што ние не го направивме, во Република Македонија  нема берза, воопшто нема берза за земјоделски производи. Значи прв чин е отворање пред се на земјоделска берза а вториот чин ќе биде одделен огранок во таа земјоделска берза да има каде да го пласираме тоа земјоделско органоско производство, а исто така сме напред, берзата во Ротердам, берзата во Варшава,

берзата во Будим Пешта , главните менаџери на тие берзи ја посетуваа Република Македонија , така што и тука можеме тој исчекор да го направиме, но потребно е еднаш да ја отвориме таа пандорина кутија кога е во прашање вложување на средства во земјоделството. Тогаш целиот овој процес ќе биде осмислен и ќе биде конечно завршен во полза на најпрогресивниот потенцијал во Република Македонија . На крај е оформување на сервиси, техничка поддршка и едукација на македонските земјоделци. Постои агенција за развој на земјоделие во Битола, тие луѓе имаат и возила, имаат и педолошки лабпотатории за рачна анализа на земјата. Тие луѓе се добро остручени, добри агрономи во смер полоделство и сточарство, меѓутоа сега тие луѓе треба да поминат нис посебни курсеви ,бордшопови, тренинзи. Тоа мора да го направи Министерството за земјоделство ако сакаме таа едукација да биде правилна и да постојат луѓе кои што навистина ќе се зафатат во еден период , среднорочен период од пет години Република Македонија она што навистина го има како компаративна предност да го преточи во конкретен производ. Значи да учествува конкретно во тоа органско земјоделско производство.

На крајот би заклучил дека овој вид на производство фактички е практикување на повеќе елементи од земјоделството, науката, потрошувачката психологиња, освојување и анализа на пазарите во Македонија и околу Македонија. Кога сите тие елементи ќе ги склопиме во сите овие форми - закон, едукација, правилници, уредби, овој процес сам по себе ќе функционира и ќе се надградува, прогресивно ќе се проширува и тоа ќе се вгради во системот и животот на граѓаните на Република Македонија и ќе значи во основа голем цивилизациски исчекор напред со потврда дека Република Македонија може да биде во одреден вид на производи во земјоделското производство и пред високо развиените земји од ЕУ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Молам дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот .

Ги молам пратениците да влезат во салата.

(пратениците влегуваат во салата)

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Вкупно гласале 59 пратеници, сите гласале за, нема воздржани нема против.

Молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

(службите ги пребројуваат пратениците)

Ве молам за време на гласањето имаше 62 пратеника и јас навистина би сакал тие пратеници кои што се присутни да гласаат. Воздржано нека гласаат, да не трошиме време околу броење на пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за органско земјоделско производство.

Минуваме на точката 27 - Предлог на закон за трговија.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот за трговија.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 25 став 3 член 49 став 1 за додавање нов став 3 по став 2, став 3 и 4, член 51 за бришење на ставот 3, член 55 став 1 точка 7, член 56 став 1 точка 2 и на член 57 став 1 точка 4, 7, 9 и 11.

Пратеникот Слободан Најдовски поднесе амандмани на член 14 за менување на став 1, член 15 , член 27 и на член 57 став 1 точка 12 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на членот 25 став 3, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата .

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

СТЕВЧЕ ЈАКИМОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 49 став 1 за додавање нов став 3 по ставот 2 и на став 3 и 4 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

СТЕВЧЕ ЈАКИМОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 51 за бришење на став 3 поднесен од ЗПК.

Повереникот на Владата се согласи со овој амандман.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

СТЕВЧЕ ЈАКИМОВСКИ:

Овој амандман се прифаќа:

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

И овој амандман станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 55 став 1 точка 7 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

СТЕВЧЕ ЈАКИМОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 56 став 1 точка 2 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

СТЕВЧЕ ЈАКИМОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 57 став 1 точка 4,7,9 и 11 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

СТЕВЧЕ ЈАКИМОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 14 за менување на став 1 поднесен од пратеникот Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

СТЕВЧЕ ЈАКИМОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 15 поднесен од пратеникот Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

СТЕВЧЕ ЈАКИМОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 27 поднесен од пратеникот Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

СТЕВЧЕ ЈАКИМОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

И овој амандман станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 57 став 1 точка 12 поднесен од пратеникот Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

СТЕВЧЕ ЈАКИМОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Продолжуваме со претресот по текстот на предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Вкупно гласале 58 пратеници, 58 гласале за, нема воздржани, нема против.

Молам службите да го утврдат бројот на пратениците во салата.

(службите ги пребројуваат присутните пратеници.)

Во салата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за трговија.

Минуваме на точката 28 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за лична карта со предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Соглансо точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија .

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор?

КЕНАН ХАСИПИ:

Почитуван господине претседателе, дами и господа пратеници, почитуван министре,

Несомнено е дека Законот за лична карта е еден од многуте законски проекти кои треба да се хармонизираат со меѓународните стандарди и легислативата на земјите од Европската унија. Притоа понудените решенија треба во целост да се базираат на концептот на граѓанското општество и максимално да ги почитуваат човековите права и слободи. Измените и дополнувањата на Законот за лична карта што денеска е на дневен ред на Собранието на Република Македонија се солидна основа која преку комисиските расправи, парламентерната дебата и амандманската расправа може да резултира со квалитетен закон комплементарен

со највисоките европски и светски стандарди како по основ на техничките квалитети, така и по понудените решенија во него. Доколку го прифатиме фактот дека личната карта е јавна исправа со која граѓанинот го докажува својот идентитет и државјанство и дека меѓународните договори ратификувани согласно Уставот на Република Македонија се составен дел на нашиот правен поредок. Со жалење можам да констатирам дека во дизајнирањето на измените и дополнувањата на Законот за лична карта, законодавецот не бил докрај доследен во примената на меѓународните стандарди и одредбите на ратификуваните меѓународни договори, туку исклучиво се базирал на рестриктивната примена на амандманот В од Уставот на Република Македонија.

Имено, во членот 3 од измените и дополнувањата на Законот за лична карта по ставот 5 е додаден нов став 6 кој гласи, цитирам: "на граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот податоците во образецот на личната карта се запишуваат на македонски јазик и неговото кирилично писмо и на службениот јазик и писмо што го употребува граѓанинот".

Во образложението на овој став стои следното: заради имплементирање на определбите од Рамковниот договор и одредбите од Уставот на Република Македонија се наметнува потреба за изменување на Законот за лична карта поради што беше донесен Законот за изменување и дополнување на Законот за лична карта. Согласно овој закон образецот за лична карта се печати на македонски јазик и неговото кирилично писмо и на англиски јазик и неговото латинско писмо. Податоците во образецот на личната карта се запишуваат на македонски јазик и неговото кирилично писмо, а податоците за името и презимето на граѓанинот, полот и државјанството се запишуваат и на англиски јазик и неговото латинско писмо. На граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот, образецот на личната карта се печати и податоците во него се запишуваат и на службен јазик и писмото што го употребува граѓанинот. Понатаму се наведуваат примери на имиња кај кои доколку не би се применувале наведените одредби може да дојде до спорни ситуации околу идентитетот на дотичниот граѓанин. И притоа како случајно да се заборава дека и имињата на припадниците и на другите заедници ги имаат истите специфики дека и кај нив се можни спорни ситуации околу нивниот идентитет. И сé би било во најдобар ред доколку не постоеше уште еден меѓународен договор кој согласно Уставот е ратификуван во Собранието на Република Македонија, а тоа е Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства каде во став 1 од член 11 се вели, цитирам: "страните се обврзуваат да му го признаат на секој

припадник на националното малцинство правото да го користи своето презиме (семејно име) и своите имиња на малцинскиот јазик како и правото на нивното официјално признавање според модалитетите предвидени во нивниот правен систем”. Многу јасна и прецизна формулација која не остава простор за било какво поинакво толкување.

Почитувани пратеници,

Дозволете ми во кратки црти аргументирано да ја оспорам валидноста на понудената формулација на став 6 од член 3 на овој Предлог закон. Имено, признавањето на правото на припадниците на малцинските заедници на употребата на јазикот и писмото согласно Уставот и ратификуваните меѓународни договори несомнено е едно од главните средства преку кои нивните носители го потврдуваат и сочувуваат својот идентитет. Сегашната формулација на овој став речиси е буквален препис на амандманот В од Уставот на Република Македонија што не е во согласност со ниту едно начело на правото. Интенција на една уставна одредба е нејзината начелност од генерален постулат да се преточи во разработена материја која нема да остави никаков простор во спречувањето на нејзината практична примена. Доколку ваквото уставно решение е надополнето со прецизна одредба на меѓународен договор ратификуван согласно Уставот, примената на правната премиса дека се што не е забрането е дозволено добива свое полно значење. Ова дотолку повеќе што според Уставот на Република Македонија меѓународните договори што се ратификувани во согласност со Уставот се дел на внатрешниот правен поредок и не можат да се менуваат со закон, член 118 од Уставот, а судовите судат врз основа на Уставот и законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот член 98 од Уставот. Од цитираните уставни одредби произлегува дека ратификуваните меѓународни договори непосредно се применуваат.

Второ, во случај на колизија на меѓународен договор и закон, примат има меѓународниот договор. И доколку ова е така, се поставува прашањето зошто законодавецот при конципирањето на овие измени и дополнувања не го имал во предвид став 1 од член 11 на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства, туку исклучиво се базирал на рестриктивната примена на амандманот В од Уставот на Република Македонија. Амандманот В од Уставот на Република Македонија почитувани пратеници експлицитно ги утврдува службените јазици во Република Македонија, но начинот и местото на употребата на јазикот и писмата на малцинските заедници од генерален уставен постулат мора да се преточи во

разработена законска материја дотолку повеќе што не постои изричита забрана за нивна употреба. Од друга страна личната карта како документ за лична идентификација и државјанството не е исправа која има интенција да го утврдува службениот јазик и писмо на дотичната држава. Впрочем, како би се објаснил примерот со Република Словенија каде во службена употреба е словенечкиот јазик, но обрасците на личната карта освен на словенечки јазик, за припадниците на унгарската и италијанската националност се печатат и на унгарски и на италијански јазик. Значи ли тоа дека словенците го прекршиле Уставот, или покажале висок степен на демократичност. Или уште попрактична е формулацијата на член 5 од Законот за лична карта од 1995 година каде меѓу другото стои, цитирам: “имињата на припадниците на националностите се запишуваат и според јазикот и писмото на националностите”. Значи ли тоа дека во Законот за лична карта цели осум години опстојувала антиуставна формулација. Напротив, цели осум години постоело подемократско решение од денешното. Впрочем, бројни се примери во регионот и пошироко кои во интерес на времето нема да ви ги презентирам.

Почитувани пратеници, дозволете ми да ви наведам најмалку осум причини поради кои треба да се преформулира став 6 од член 3 од измените и дополнувањата на Законот за лична карта.

Прво, амандманот В од Уставот на Република Македонија ги утврдува официјалните јазици и писма во Република Македонија и нивната службена употреба и експлицитно не забранува употреба на јазикот и писмото на другите заедници при печатењето на образецот на личната карта.

Второ, рестриктивното толкување на оваа уставна одредба директно е во колизија со став 1 од член 11 на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства кој како ратификуван меѓународен договор е составен дел на нашиот правен поредок, член 118 и член 98 од Уставот на Република Македонија.

Трето, ставот 1 од член 11 на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства ги обврзува страните потписници што е императив и не остава никаков простор за поинакво толкување.

Четврто, презимињата и имињата на припадниците на поедините етнички заедници имаат свои специфики кои доколку не би се испишале во фонетска форма можат да доведат до забуна при утврдувањето на идентитетот на дотичните граѓани. Впрочем, постоење на буквите кои за жал ги нема во македонскиот јазик и неговото кирилично писмо, може да претставуваат пречка во утврдувањето на идентитетот на личноста. На пример Емер не е исто како Омер и да не набројувам понатаму.

Петто, Ваквата примена на јазикот и писмото на заедницата на која припаѓа граѓанинот апсолутно не оди на штета на официјалните јазици, дотолку повеќе што податоците во образецот на личната карта ќе бидат испишани и на службениот македонски јазик и неговото кирилично писмо.

Шесто, употребата на јазикот и писмото на националностите во документот за лична идентификација беше решение содржано во член 5 од Законот за лична карта од 1995 година "Службен весник на Република Македонија" број 8 од 15.02.1995 година, во услови кога во Република Македонија службен јазик беше само македонскиот јазик и неговото кирилично писмо.

Седмо, многубројните примери на употреба на малцинските јазици и писма во документот за лична идентификација во многу земји од регионот и пошироко се причина повеќе за имплементација на високите меѓународни стандарди и во нашата легислатива од оваа сфера.

Осмо, употребата на малцинскиот јазик и писмо во документот за лична идентификација несомнено е едно од основните средства за афирмирање и сочувување на нивниот идентитет.

Почитувани пратеници,

Се обидов во кратки црти да ја оспорам валидноста на некои одредби од став 6 на член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за лична карта, со Предлог на закон, поради што на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците понудив амандман кој благодарение на разбирањето на поголемиот дел од членовите на Комисијата беше прифатен. Длабоко уверен во вашата поддршка на овој амандман, почитувани колеги, ви упатувам изрази на моја длабока почит.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Почитуван господине претседател, почитувани колеги, почитуван министре,

Би сакал да кажам неколку збора за овој Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за лична карта, едно мое видување. Владата ја образложува потребата на донесување на овој закон со тоа што овој Предлог закон има за цел побрзо интегрирање во Европа и нејзините институции и како што многу

често слушаме, создавање на услови за примена на европските стандарди во нашето законодавство. Основните работи кои треба да ги реши овој закон се во делот на образецот на личната карта и запишувањето во неа, рокот на важењето на личните карти, постапки при губење на личните карти и дека сето ова кореспондира со искуствата и достигнувањата на земјите од Европската унија. Но, на ваквиот начин на презентација на законот од многу страни се слушаат големи забелешки и тоа токму спротивно од ова што го кажува Владата, а тоа е дека овој закон е во спротивност со основните принципи на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства донесена на ден 1.02.1995 година во Стразбур. Основниот принцип на Рамковната конвенција претставува цитирам: едно плуралистичко и вистинско демократско општество, мора не само да го почитува етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет на секој припадник на националното малцинство, туку и да создава услови за изразување, сочувување и развој на тој идентитет, што и за мене лично претставува неотуѓиво право на секого во светот, посебно и за македонците во соседните држави. Значи, и по двата принципи за кои што нон стоп слушаме во овие 18 месеци Европската унија и нивното законодавство и Охридскиот Рамковен договор се во спротивност и со Уставот на Република Македонија, целите и принципите на Охридскиот Рамковен договор, а колку што се сеќавам беа за зачувување на демократијата, етничкиот идентитет и интересите на сите македонски граѓани што со овој Предлог закон очигледно не е така. Кога ќе видиме што нуди овој закон со своите 12 членови, не можам да се оттргнам од впечатокот дека ова можеби требаше да биде чекор, два, или три после некои многу поважни документи и закони што требаше Министерството за внатрешни работи да ги донесе, ако сака да биде поблиску до легислативата на Европската унија и барем според документите што се почетна фаза на приближување и реално и со начинот и формата на обележување на истите да бидеме поблиски до Европската унија. Значи, многу поважно и многу побрзо требаше да се донесе новиот пропис за образецот на новата лична карта, постапката за издавање и замена на личната карта, начин на водење на евиденција за издадените лични карти што се стварни и реални и образецот треба што повеќе да го доближиме до важечките документи во Европската унија, како што треба да се направи и со пасошот, затоа што тоа се првите документи со кои се легитимираме пред вратите на Европската унија. Но, еве, пред нас е овој Предлог закон за лична карта и законодавецот гледа премногу далеку, а ние обичните смртници тоа не го ни знаеме, дека тоа ќе биде многу скоро и многу остварливо. Значи, би почнал со член

1, со нашите лични карти можеме да ја преминуваме државната граница во случаи и под услови утврдени со меѓународниот договор ратификуван согласно Уставот на Република Македонија. Само пред еден до два месеци во Парламентот беше поставено прашање до каде е Владата со решавањето на проблемите од визниот режим. Значи, ние со нашите пасоши кои што моментално ги поседуваме не сме во состојба да добиеме виза да посетиме некоја држава од Европската унија, а не пак сега со личните карти да ги посетуваме нашите соседи, дури и земјите од Европската унија како што во образложението пишува за нивната меѓусебна комуникација и тоа е дадено во овој Предлог на закон во образложението дека земјите членки на Европската унија меѓу себе граѓаните можат да се посетуваат со лични карти. Ќе бев многу среќен да беше ова првото и последното кое што ќе требаше да го направиме. Но, ние сме свесни дека и после неколку дневно чекање пред амбасадите тешко се стигнува до виза, а некогаш и воопшто не се стигнува. Сега не знам, можеби министерот ќе може да направи такви договори, наместо визите и пасошите да ги користиме новите лични карти и со нив да ги посетуваме државите од Европската унија.

Во врска со оваа можност се создаваат и дополнителни проблеми и тоа во членот 5 од овој закон каде се додаваат три нови члена и тоа членот 7-а каде сега имаме и под кои услови, доколку биде одземен пасошот на граѓанин на Република Македонија, има забрана и со оваа лична карта што ќе може да ја премине државната граница. Значи правиме уште еден проблем на нешто што го немаме а тоа е што ја немаме личната карта. Ние гледаме како на некој ќе му биде одземена, како судот ќе реагиора, и ќе побара од МВР и кој ќе биде начинот таа лична карта да биде стопирана или да не биде стопирана.

Во членот 7-б сега одиме во обртна ситуација кога надлежниот суд ако не го обнови барањето за одземање на личната карта, тогаш граѓанинот ќе треба да поднесе барање за повторно да му биде вратена личната карта и да може да го оствари правото да ја поминува држвната граница. Мислам дека овие два члена, како и третиот член каде што министерот за внатрешни работи ќе го пропише начинот на забележувањето и бришењето на забраната за употреба на личната карта за преминување на државната граница, мислам дека се многу избрзани, пред се тоа што и господинот Хасипи го зборуваше, додека не ја дефинираме и не го утврдиме  она што е основното, а тоа е како ќе изгледа нашата лична карта, кои се податоци треба да ги содржи и на каков начин овие податоци да бидат внесени во личните карти. Значи тоа тука не го гледаме, туку гледаме едни други објаснувања

за некои, според мене, хипотетички ситуации во догледно време од кои ние ќе треба да дојдеме во ситуација, на министерот да му дадеме некои задолженија, како на некој да му ја одзема личната карта, или бидејќи тоа не смее да го стори, бидејќи личната карта е документ со кој лицето треба да се легитимира во Република Македонија, не ќе може со неа да ја преминува државната граница. Јас незнам како сето тоа е замислено и дали воопшто некој го гледа и дали знае како изгледаат тие нови лични карти и каков ќе биде начинот на кој некој ќе ја има забраната, или нема да ја има забраната за да го пртетставува сето тоа.

Во членот 2 стои дека, еве се исклучува она, граѓаните треба лично да ги достават овие работи. Јас би инсистирал тука, доколку е во можност министерот да интервенира, за лицата со посебен интерес да може да се направи некоја комисија која би ги посетувала овие лица и воопшто за некои изнемоштени стари луѓе затоа што сега сликите нема да бидат носени од поединецот. Затоа и пристапот на луѓето, лично да ги донесуваат документите, и ова што ќе значи слика за граѓаните на Република Македонија, треба да се изведува во посебен образец, претпоставувам. Министерот сигурно тоа го има предвид.

Во член 3, прифатлива е промената за стандардизирање на пишувањето на основното латинско писмо, но сега не се добива впечаток дали сега со новиот став 6, ќе има лични карти со три наслови, т.е. имиња, на македонски, англиски и службениот јазик и писмото што го употребуваат граѓаните. Значи, прашањето е тоа дали ќе има три наслови или ќе има само два наслови, само на македонски јазик и другиот службен јазик, или пак само англиски и друг службен јазик, па да се доведеме во состојба нашата полиција да има проблеми со читање на податоците на лицата што ја поседуваат личната карта во Република Македонија. А тоа да биде уште поголем проблем кога со тие лични карти ќе можеме да одиме во странство.

Во членот 4, посебно став 1, не гледам причина да се промени рокот на важење на личните карти, затоа што ние личните карти ги менуваме многу често, а имам сознанија, според новата технологија која ќе биде употребувана дека ќе бидат доста поскапи од постојните, а и понатаму во светот постојат трајни лични карти за постарите лица, за кои не е ни хумано да се подвргнуваат на промена на личните карти, на 70-80 години, што ќе претставува и терет и трошок. Затоа мислам дека тоа е проценка дали личната карта ќе биде со важност 10 или 15 години. Во овој член 4 новиот став 2 мислам мора да се изнајде многу поприкладен начин за прикажување и презентација во МВР на изгубените лични карти, за да може да се спречи функционирањето на две, три или повеќе лични карти издадени на исти лица.

Постапката треба да биде иста како и за пасошите и да се изнајде начин да се санкционираат оние кои ги изгубиле, но и оние кај кои ќе бидат пронајдени, позајмените или земените две или повеќе лични карти кои ги имаат во свој посед, не со казна од 1500 до 3000 денари, туку со многу поригорозни казни, како би се ставило крај на таквите малверзации.

Во членот 10 став 1, зборот “две години”, се заменува со зборот “3 години”. Тој рок колку ќе биде испочитуван зависи од работата на ова законодавно тело кое треба да донесе грб на Република Македонија, после да не дојдеме во ситуација повторно да ги менуваме личните карти, поради тоа. Понатаму да се направи образец по сите теркови, ЕУ да го прифати, да не доаѓаме во ситуација поради еден пропуштен детал да се преправа нешто што е завршено,како што се случи кај некои од нашите соседи, а реперкусиите беа големи и се мерат со неколку стотици милиони евра. Затоа господа поголемо внимание на клучните работи, на колку начини, со колку писма, на какви обрасци, за личната карта, сето ова ќе биде напишано. А ЕУ да даде господ да не прими и со визи и пасоши, а да не зборуваме за лични карти за кои најпрвин да се договориме кај нас, дали сето тоа ќе биде прифатливо за сите граѓани на Република Македонија. Значи основата на тој образец, сигурно дека министерот има нешто предвид како би изгледало, би требало да се изнајдат сите овие начини, претходно во зависност како би изгледал тој документ, да се донесуваат сите понатамошни одлуки, како во овој закон ќе можеме да дејствуваме посебно за она што е член 1 од овој закон, да можеме и легално со овие лични карти да се вклучиме во ЕУ и да можеме да ја посетуваме и да ги поминуваме државните граници.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Мавровски.

Повелете господине Сарач, имате збор.

ЕРДОГАН САРАЧ:

Почитуван претседателе, ценети членови на Владата, колеги пратеници,

Пред да почнам со моето излагање, да напоменам дека овој предлог за донесување на закон, за изменување и дополнување на Законот за лична карта со Предлог на закон, има есенционално значење за заедниците, или поточно за малцинските заедници а со тоа и за турската етничка заедница.

Предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за лична карта, со Предлог закон што денес е на дневен ред во Парламентот за што побрзо интегрирање на Република Македонија во европските

институции и прилагодување на нашата правна легислатива со стандардите на ЕУ, гледано од аспект на личната карта како јавна исправа со која се докажува интендитетот, државјанството и живеалиштето на граѓаните.

Гледано од квантитативен аспект, ние ги менуваме и дополнуваме скоро половина од членовите на Законот за личната карта, а тоа не е многу важно колку што се важни измените и дополнувањата во самата содржина на законот.

Во членот 1 имаме многу важна и за граѓаните на Република Македонија многу значајно содржинско дополнување на Законот за лична карта каде личната карта нема да биде само јавна исправа со која се докажува идентитетот, државјанството и живеалиштето на граѓаните на Република Македонија туку личната карта ќе стане документ кој ќе можеме да го користиме и за преминување на државната граница во случај и под услови утврдени со меѓународен договор, ратификуван согласно нашиот Устав.

Меѓутоа во членот 5, во основниот закон и член 3 во предложените измени и дополнувања на Законот за лична карта, неможам да кажам дека одговара на стандардите на истите закони кај членките на ЕУ, или на државите кои ќе станат членки на ЕУ годинава. Не е добро, а не е ни европски еднаш едно добиено право во 1995 година каде во член 5 став 2, меѓу другото стои и дека имињата на припадниците на националностите се запишуваат и според јазикот и писмото на националностите. Ова дадено право во 1995 година се одзема во 2002 година каде истиот тој член 5 се менува и помалите етнички заедници кои не зборуваат службен јазик, различен од македонскиот, немаат право на упис на своите лични податоци во личната карта.

Ако ние во Република Македонија, сме се определиле да имаме граѓанско општество и да ги почитуваме основните права на човекот односно на граѓанинот и ако се стремиме за полноправно членство во ЕУ, треба да ги почитуваме конвенциите што сме ги потпишале со Советот на Европа, во овој случај рамковната конвенција.

Во самата рамковна конвенција за заштита на националните малцинства, во член 11 децидно пишува “страните се обврзуваат да му го признаат на секој припадник на национално малцинство, правото да го користи своето презиме и своите имиња на малцински јазик, како и правото на нивното официјално признавање”.

Ако ние како Република Македонија веќе сме потписник на оваа конвенција, значи истата станува дел од нашата правна легислатива и ние во никој случај несмееме тоа да го прекршиме.

Многу земји кои оваа година стануваат членки на ЕУ, своите лични документи, т.е. лични карти, освен на официјалното писмо и на англиското писмо, своите лични документи ги пополнуваат и на писмото на националните малцинства. На пример во Република Словенија, личните карти се издаваат на италијански и на унгарски јазик. Истата регулатива ја има и во Маџарска, во Хрватска и во други земји.

Освен горенаведените примери кои кажуваат како треба да бидат испишани личните податоци во личните документи, т.е. во личната карта, во случај ако не се измени ставот 6 од членот 5 од предложените измени и дополнувања на Законот за лична карта, ќе се доведе до искривување или неточно испишување на имињата и презимињата на еден дел од граѓаните од Република Македонија. За ова да се поткрепи со аргументи, имаме безброј примери. Неколку од овие примери се дадени и во образложението. Но за да биде аргументацијата поприфатлива, јас ќе спомнам неколку примери.:

Ако не се усвои амандманот на Комисијата за политички систем и ако вов врска со член 5 став 6, што се предлага во измените и дополнувањата на Законот за лична карта или амандманот на пратеникот Ќенан Хасипи кој е скоро идентичен со оној од Комисијата за политички систем, тогаш ќе се појават аномалии при испишување на личните податоци на дел од граѓаните на Република Македонија, како на пример името Емер ќе се пишува како Омер, што се две различни имиња и тн. Има голем број на вакви примери кои укажуваат на тоа, ако остане вака член 5 став 6 од измените и дополнувањата на Законот за лична карта, ќе се направи голема неправда на помалите етнички заедници, а со тоа и на турската етничка заедница.

Колеги пратеници, мислам дека треба да вложиме напор сите заедно да го преуредиме овој став 6 од членот 5, така што сите граѓани на оваа наша заедничка држава да бидат задоволни. Неможеме да дозволиме таков комодитет, на некои граѓани во Република Македонија, името и презимето да му биде искривено, но не по негова вина.

Ако не вложиме напори да го преуредиме ставот 6 од членот 5, тогаш имињата и презимињата на дел од граѓаните ќе бидат неправилно напишани и со тоа ќе се крши членот 11 од Рамковната конвенција за заштита на нацоналните малцинства. Со самиот овој факт граѓаните или дел од граѓаните на Република

Македонија, поточно малцинските заедници, со тоа и граѓаните од турската етничка заедница ќе го изгубат правото да ги користат своите имиња и презимиња на малцински јазик. За да немаме недостатоци во концептот на граѓанското општество и целосно почитување на основните права и слободи на човекот и граѓанинот и определбата за постигнување на полноправно членство во ЕУ, ставот 6 од членот 5 треба да го преуредиме во правец каде секој граѓанин ќе се најде себе си и во овој закон. Ние тоа можеме да го направиме и треба да го направиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Сарач.

Повелете господине Чашуле.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Благодарам господине претседателе, почитуван министер, драги колеги,

На Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците сесрдно го поддржав овој амандман од две принципиелни причини:

Прво, сметам дека иднината на државата на македонскиот народ е можна само како мултикултурна заедница, а таа дефиниција е историска, така ја кодифициравме нашата Република со документите на АСНОМ кои сепак правен наследеник на Кресненските, Разловечките и Илинденските документи и е во низата дејствија што македонскиот народ и граѓаните на ова поднебје ги извеле во текот на својата историја. Значи Република Македонија како држава на македонскиот народ е мултикултурна заедница на рамноправни народи и народности, сега веќе заедница.

Втората принципиелна причина е што, гледано од меѓународно правен аспект, а особено сега кога сме на многу јасна траекторија за постигнување на стандардите кои ќе ни овозможат зачленување во ЕУ, ќе аплицираме наскоро, ние мораме да водиме сметка за конвенциите што сме ги потпишале, а меѓу нив, во случајов една од клучните е конвенцијата за заштита на малцинските и етничките права. Значи овие две принципиелни насоки не убедија односно раководен од нив гласав во поддршка на амандманот на Комисијата за полилтички систем и овде сега се јавувам со надеж дека ќе ве убедам да го прифатите ова.

Јасс мислам дека интенцијата на Охридскиот рамковен договор, или како што многу често се вели духот, не беше да кодифицира права само на една заедница во нашата Република, за сметка на другите, ниту пак дохот на Охридскиот договор беше, Република Македонија да ја направи во сојз на две етнички заедници. Напротив тој требаше со допрецизирањето на употребата на одредени права да даде една поширока рамка за мултикултурниот карактер на нашата држава. Оттаму

мислам дека ние сега кога го правиме овој нов документ кој е една од обврските за олеснување на условите во кои нашите граѓани патуваат во светот, не смееме да бидеме пореспективни од претходните решенија што нашиот Устав, што нашите закони и воопшто што нашата принципиелна определеност за кодифицирање на нашата држва ни ги дале, сме ги имале и сме ги применувале. Од друга страна, ако навистина сакаме да бидеме безпрекорни, а мораме, во изведувањата на сите обврски што ќе стојат, а ние веќе ги правиме и бес да ни бидат поставени во низата прашања што ќе ги добиеме откако ќе аплицираме за влез во Унијата, тогаш свесен за тоа дека овој закон не е од тие најважните, имаме сеуште многу работи да направиме во правец на олеснувањето на Шенгенските обврски што ќе треба да ги исполниме, не би сакал сега со него, со овој член каде што употребата на јазикот на припадникот на етничката заедница, малцинството, народот, националноста, да ни биде една од точките за кои ќе мора дополнително, кога ќе ни дојде поглавјето за внатрешни работи, законодавство и правда, да мораме да го преговараме и повторно да го менуваме, бидејќи господа, јас, за да нема дилеми, многу сериозно правам разлика помеѓу употребата на јазикот, во смисла на комуникација на граѓанинот со државата и тоа е оној дел што Рамковниот договор и промената на Уставот го регулира и правото на идентитет кое е вродено право, кое не се изведува со проценти и кое, сите наши претходни закони и устави го кодифицирале како вродено право и за тоа право биле наоѓани моделитети за негово изразување.

Оттаму, ова што се бара со овој амандман, зад кој застанав јас и останатите колеги на седницата на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, не прави кодификација на нов јазик или дополнителен јазик во државата, само овозможува на лицето да го изрази својот идентитет како вродено право кое произлегува од фактот што се родил и се развива културно во една заедница која ние и со преамбулата и воопшто со принципиелниот однос кон државата што го имаме и што сме го имале со АСНОМ, чија што годишнина ја славиме денес, оваа година и претходните, ние само го утврдуваме.

Затоа, господине министер, затоа господо пратеници, апелирам до вас на сличен начин како што го сторивме тоа на седницата на Комисијата за политички систем, овој амандман кој Комисијата го усвои, да го прифатиме овде, да го изгласаме и на тој начин ќе внесеме сериозно подобрување во законот, кое очигледно им е прифатливо на мнозинството, прифатливо е на членовите на Комисијата, а верувам дека ќе ви биде прифатливо и вам. А за другите одредби од овој закон дебата може да има, може да постои, но ова е онаа невралгична точка

која утре, ако не ја предвидиме сега, ако не ја отстраниме сега, ќе може да биде место каде со познатиот стил на додавање гориво на непријатните меѓуетнички тензии може да генерира проблемите. А сигурен сум ако ни се најде како недоследност меѓу Конвенцијата која е постара од Законот дека ние ќе мораме наново да ја прегораваме и утврдуваме. Затоа, за да си го поштедиме едниот мачен труд и другиот преговарачки труд, да го изгласаме овој замандман.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Чашуле.

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Љупчо Мешков.

ЉУПЧО МЕШКОВ:

Јас се јавив заради поводот што и господинот Чашуле го рече. Јас бев исто така еден од членовите на Комисијата која гласаше, во делот на Законот кој што треба да дозволи во личната карта да се пишува името на јазкот и на другите националности и затоа чувствував потреба со неколку реченици да го потврдам тоа и истовремено да го искажам ставот на нашата нашата пратеничка група, дека апсолутно се согласуваме со поднесениот амандман од неколку причини.

Прво, мислиме дека не држи забелешката што некои ја искажуваат дека евентуалната пречка би постоела во Уставот, затоа што доколку со законот дадеме повисок степен на демократија, тоа нема да биде противуставно, туку противуставно е тогаш кога она што како демократија го нуди Уставот го попречуваме или даваме во помала мера. Значи, сметаме дека не постојат пречки за усвојувањето на ваквиот амандман и како што беше напоменато неколку пати, воопшто не се загрозува јазикот, македонскиот јазик и кирилското писмо од причина што овде се изразува идентитетот на личноста, што и многу држави од Европа веќе го применуваат, односно се искажува и пишува името оригинално онака како што гласи. Во спротивно, пишувањето на името на друг начин го менува идентитетот, односно веќе тоа не е оригиналното име и презиме кое треба да биде напишано за припадникот на другите националности. Во спротивно, доколку тоа не го направиме, тогаш мислам дека не одиме по патот на изградба на мултинационална држава, односно ќе создадеме ри категории на граѓани во оваа држава во поглед на ова право - зборувам конкретно и заради тоа мислам дека барањето од Демократската партија

на Турците што го поднесе овој амандман апсолутно го подржувам и истиот тој став го има и пратеничката група на Либералната партија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и на Собранието на Република Македонија му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Пред тоа, ги молам пратениците да влезат во салата.

Заклучокот гласи:

Собранието го усвоува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за личната карта.

Ве повикувам да гласате.

Вкупно гласале 58 пратеници и тоа 56 за, 2 воздржано, против нема.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Уште еднаш би замолил, бидејќи знам дека има повеќе од 60 пратеници во салата, нека стиснат барем воздржано, ако ништо друго. Трошиме време.

(По пребројувањето на присутните пратеници од страна на Службата)

Во салата се присутни 66 пратеници.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве повикувам да гласате.

Вкупно гласале 64 пратеници, 64 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ја молам потпретседателката Лилјана Поповска да ме замени.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Отворен е претресот по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 1 став 1 и за додавање нов став 2 по ставот 1 и на член 3 за додавање нов став 1 и на ставот 1 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Зоран Шапуриќ поднесе амандмани на член 4 став 2 и на член 7 во новиот член 11-а, по кои Владата на Република Македонија не се произнела.

Законодавно правната комисија поднесе амандмани на член 1 став 1, член 5 во новиот член 7-а став 3 и на член 5 и во новиот член 7-в.

Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците поднесе амандман на член 3 за менување на член 4, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Зоран Шапуриќ поднесе амандман на член 4 за бришење на ставовите 2 и 3 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Кенан Хасипи поднесе амандман на член 3 за менување на став 6 по кој Владата да не произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 2, поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Хари Костов, министер за внатрешни работи.

ХАРИ КОСТОВ:

Овој амандман не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласал 61 пратеник, од кои 17 за, 5 воздржано и 39 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 став 2, поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Отворам претрес по амандманот на член 7 во новиот член 11-а, поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Хари Костов, министер за внатрешни работи.

ХАРИ КОСТОВ:

Овој амандман не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 58 пратеници, нема промена во бројот на присутните бидејќи никој не излезе од салата.

За гласале 10 пратеници, 7 воздржано и 41 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 7 во новиот член 11-а, поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 1, поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Хари Костов, министер за внатрешни работи.

ХАРИ КОСТОВ:

Овој амандман се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Констатирам дека овој амандман станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 во новиот член 7-а став 3, поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Хари Костов, министер за внатрешни работи.

ХАРИ КОСТОВ:

Овој амандман се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Констатирам дека и овој амандман станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 во новиот член 7-в, поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Хари Костов, министер за внатрешни работи.

ХАРИ КОСТОВ:

Овој амандман се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Констатирам дека и овој амандман станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за менувањре на став 4, поднесен од Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Хари Костов, министер за внатрешни работи.

ХАРИ КОСТОВ:

Благодарам, потпретседателке.

Поголем дел од дискусиите денес се однесуваат токму на тој амандман и кога лично би ме прашале, како македонец од влашко етничко потекло, навистина не би имал ништо против тој амандман.

Меѓутоа, и Владата, па и јас исто овде потпишавме овде изјави дека ќе работиме спроед Уставот на Република Македонија и во правниот систем во Република Македонија подзаконските акти мора да бидат во согласност со законот, а законот мора да биде во согласност со Уставот. Употребата на јазиците и на службените јазици македонскиот како службен и другиот службен јазик е регулирана во амандманот В на Уставот на Република Македонија, точно во ставот 3, каде што се регулира како личните документи ќе се издаваат. Според тоа, за жал, овој амандман не можеме да го прифатиме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Има због господинот Кенан Хасипи.

КЕНАН ХАСИПИ:

Благодарам госпоѓопштина потпретседателке.

Почитуван господине министре,

Вие денес со неприфаќање на амандманот им го ускративте правото на дел од населението на Република Македонија, Турци, Бошњаци, Роми, Власи и други, да го користат своето име и презиме во оригинална форма и при тоа се обидовте да докажете дека таквото право е во спротивност со Уставот на Република Македонија.

Сега им се обраќам на колегите пратеници. Нашиот Устав, господа пратеници, не ни го ускратува тоа право, дотолку повеќе што никаде во Уставот не стои одредба дека тоа право изрично ни ги забранува. Меѓутоа, зачудува фактот што обврските преземени од одредбите на меѓународните договори, ратификувани во Собранието на Република Македонија, стануваат предмет на политички договарања од кои, за жал, се исклучени оние на кои тие одредби се однесуваат. На тој начин одредени носители на јавни функции преземаат ексkуливитет да дистрибуираат човекови права, во дози утврдени по нивни критериуми. Со други зборови, дел од населението на оваа земја ќе може да го пишува семејното име и презиме на свој јазик и писмо и во фонетска форма, додека на другите ќе им ги искривуваме имињата, само поради фактот што по игра на случајнот не се во процент што побројните политички елити меѓусебно го усогласиле.

Би ве прашал сите вас, како вие би се чувствувале, кога некое ваше право кое природно ви припаѓа и кое е нормирано со одредби на меѓународното право, би одлучувал јас или политичката партија на која припаѓам. Јас сум убеден дека ви е познато дека е меѓународен стандард личните имиња да се пишуваат во оригинална форма. Зарем не е кршење на Уставот ако не се почитува член 118, кој вели: “Меѓународните договори, ратификувани во согласност со Уставот, се составен дел на нашиот правен поредок и не можат да се менуваат со закон.” Предлагачот денес со закон менува одредба на меѓународен договор, ратификуван со Собранието на Република Македонија, во кој се вели “Страните се обврзуваат да му признаат право на секој припадник на националното малцинство, правото да го користи своето презиме и своите имиња на малцинскиот јазик, како и правото на официјалното признавање според модалитетите во нивниот правен систем”.

Предлагачот го прави токму спротивното. Во законот најде модалитет припадниците на националните малцинства да не го уживаат тоа право. Сега се прашувам кое решение е противуставно.

При тоа, предлагачот упорно се повикува на одредбите на Амандманот В на Уставот на Република Македонија, кој според предлагачот ни го ускратува тоа право. Напротив, господине министер, тој амандман експлицитно укажува дека тоа право не смее, повторувам не смее да им се ускрати на припадниците на заедниците што се над 20%. Таквото решение би било противуставно. Зарем навистина мислите дека давањето на тоа право на припадниците на заедниците што се под 20% е противуставно, т.е. дека постои уставна пречка за давање поголеми права? Давањето на поголеми права, господине министре, не е кршење на Уставот, туку израз на висок степен на демократичност. Ако само уште малку го прелистаме Уставот, во тоа ќе се увериме кога ќе ја прочитаме одредбата - Се што не е со Устав забрането е дозволено. Наведете ми една одредба на забрана во нашиот Устав за прашањата од оваа сфера. Впрочем, старата латинска премиса: Она право кое го посакувате за себе, бидете спремни секогаш да го дадете на друг, и овој пат добива целосно значење. Меѓутоа, по се изгледа дека се нема чувство што значи да се биде малцинство. Тоа малцинско чувство најдобро го знаат македонците кои во соседните земји имаат својство на малцинство, како и сите други малцинства во било која земја во светот. Затоа постојат бројни меѓународни конвенции од сферата на човековите права и слободи, за да не можат националните законодавства, преку правна гимнастика, да ги ускратуваат правата на помалите и послабите.

Јас ве повикувам, почитувани колеги, да го испочитуваме што пред будното око на Советот на Европа сме го потпишале и ратификувале во ова наше Собрание.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, колега.

Има збор господинот Слободан Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Госпоѓо потпретседател, дами и господа пратеници, господине министре,

Не верувам дека ова случајно се прави, затоа што ние влегуваме во една многу проблематична ситуација и не само што ја кршиме конвенцијата, туку влегуваме во тоа фактички Македонија да ја ставаме бинационална на македонци и

албанци, а не мултинационална како што се залагаме сите и декларативни кажуваме.

Мислам дека во многу непријатна ситуација ќе бидат моите колеги пратеници од турската националност, ромската, влашката и бошњаците, затоа што не знам како тие ќе го правдаат ова пред својата база. Ако ова право им се суспендира, што не се крши со Уставот, нема толкување да се крши Уставот, мислам дека пратениците се доведени во многу непријатна ситуација и незнам како ќе објаснат во својата изборна единица и во својата база.

Ние како Либерална партија го подржуваме овој амандман на господинот Хасипи и апелирам до сите пратеници да го надминат она теснопартиско размислување и да направиме еден исчекор напред, да го усвоиме овој амандман.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Слободан Чашуле.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Само накратко, како едно појаснување. Меѓународната конвенција има за цел на наднационално, значи на државно ниво да регулира одредени стандарди кои се однесуваат а правата кои му се вродени на човекот, за некого од Бога дадени. И ако националните законодавства не се во хармонија со тој општ договор кој е израз на природните закони, тогаш се менува домашното законодавство. Јас не гледам правото на идентитет да значи и кодифицирање на службен јазик. Од таму не се крши Уставот. Јас апелирам уште еднаш, заради овој за мене принцип над сите други принципи да го прифатиме ова господа пратеници кај нас е, Владата го кажа своето и таа има право да го толкува. Дали е тоа така, не. Јас мислам дека не е така, бидејќи со признавњето на припадникот на заедницата која е под 20%, може својот идентитет да го изразува на начин на кој се артикулира неговото име. Ние не воведуваме нов јазик, па според тоа не го кршиме законот. Господа, јазикот е духовен феномен, кој се изразува графички. И ние заради разликата на јазиците, мора да најдеме начин, а тоа го имаат кодифицирано како употреба на латинското писмо и на другите писма некои наши извидници, ние мора да дадеме одвет, вистински израз на звуковната идентификација на човекот, бидејќи тоа е едно од

неговите најелементарни права и нема устав кој може тоа да го ограничи и нема закон кој може тоа да го ограничи, а впрочем, обврзани сме со конвенцијата тоа да не го ограничуваме. Апелирам до вас, јас ги разбирам мотивите на министерот и на тесната рамка која тој ја има. Затоа, ние сме законодавците и ние треба да го донесеме тој пресуден чекор, таа одлука и ова да го прифатиме, за да не ја ограничиме демократијата, а уште помалку заради еден превид, кој лесно може после да се отстрани, да не навлеземе во просторот на ограничување на нешто што по природата на нештата му припаѓа на човека.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, има збор министерот за внатрешни работи, господинот Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Мислам дека навистина нема потреба од употреба на тешки зборови, за наводни политички игри и тн., затоа што наше мислење е дека ваквиот амандман не е во согласност со Уставот.

Меѓутоа, на крајот на краиштата сепак, само една институција во Република Македонија е таа која е надлежна да каже дали определено законско решение е во согласност со Уставот, а тоа е Уставниот суд.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

Процедурално господинот Кенан Хасипи.

КЕНАН ХАСИПИ:

Госпоѓо потпретседателке, со оглед на тоа дека не знам дали за амандманот или за законот во целина треба да има бадинтерово мнозинство. Во овој момент такво мнозинство нема. Нема услови за гласање. Нема вкупно 18 луѓе.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Хасипи само за законот треба, а не за амандманот и тоа ќе биде мнозинство од присутните во салата, така што, како што кажав амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 66 пратеници, 65 за, 1 негативно.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 3 за менување на став 4, поднесен од Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците.

Отворам претрес по амандманот на член 4.

Господине Хасипи, дури немаше тука потреба од некое мноџинство.

Отворам претрес по амандманот на член 4 за бришење на ставовите 2 и 3, поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, не гледам некој да излегол од салата, значи имаме кворум, што значи за гласале 6 пратеника, воздржани 2, 47 негативно.

Ги молам злужбите да го утврдат бојот на присутните пратеници.

Присутни се 65 пратеници. Значи гласањето беше во ред и констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4, за бришење на ставовите 2 и 3, поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за менување на став 6, поднесен од пратеникот Кенан Хасипи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

Збор бара господинот Кенан Хасипи.

КЕНАН ХАСИПИ:

Со оглед дека се изгласа амандманот предложен од Комисијата за полити!чки систем и односи меѓу заедниците, јас го повлекувам овој амандман.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Констатирам дека амандманот е повлечен.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ве потсетувам дека согласно со точка 2 од амандманот 10 од Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, сите 61 гласале за.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака и ги молам службите да помогнат.

Кој е за Предлогот на законот, молам да крене рака?

16 гласале за.

Ве молам кој е против? (Никој).

Дали има некој воздржан? (Нема).

Присутни се вкупно 16 пратеници претставници на заедниците кои што не се мнозинство во Република Македонија, значи сите гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за лична карта.

Преминуваме на 29 точка - **Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Збор има заменикот министер за труд и социјална политика Али Максуд.

АЛИ МАКСУД:

Со законот за вработување на инвалидни лица што е донесен во 2000 година, се направи еден голем напредок во вработувањето на овие инвалидни лица. Но факт е и тоа дека примената на Законот почнува од септември 2001 година.

Со примената на Законот за вработување на инвалидни лица, иако еден мал период се констатираат некои недоречености и некои неправилности и тоа во нецелосната заштита на инвалидните лица, односно на веќе вработените инвалидни лица и злоупотреба, или ненаменско користење на средствата.

Затоа овие измени одат во прилог на тоа, со што ќе бидат целосно заштитени инвалидните лица и ќе биде елиминирана можноста за злоупотреба на дадените средства. Во измените и дополнувањата ние соработувавме и учествуваа сите невладини организации и органи што се вклучени во примената на Законот за вработување на инвалидни лица. Затоа потреба од изменување и дополнување на закон произлезе од досегашните сознанија и искуства на законот и врз основа на извршените инспекциски контроли од страна на Државниот инспекторат за труд.

Факт е и тоа дека со почетокот на 2003 година имавме инспекциски контроли во сите тие заштитни друштва, имаа вработено инвалидни лица со користење на средства од посебниот фонд. Се констатираа доста недостатоци и со поголема одговорност и ангажирање на Заводот за вработување, во соработка и координација со Државниот инспекторат за труд, се одеше овие работи и недостатоци да се исправат.

Потоа, заклучоците и предлозите на Заводот за вработување содржани во информацијата за примена на Законот за вработување на инвалидни лица кои се разгледани од Економско-социјалниот совет, факт е дека беше ова на седница на Економско-социјалниот совет и дека се прифатени. Имавме и средби со Заедницата на инвалидски организации, што е за пофалба, со тоа што се прифатија и нивните мислења и сугестии во доменот на измените на Законот.

Со донесувањето на измените и дополнувањето на Законот, ќе се создадат и ќе се стимулира вработување на поголем број инвалидни лица и заштитата на правата на тие лица, и факт е дека до крајот на 2003 година ние имавме вработени на инвалидни лица 1016 инвалидни лица а престанок на вработувањето од тие 1016 лица, 128 лица. Значи и во овој домен се преземени конкретни мерки и мислам дека со измените и овој проблем ќе се разреши. Значи имаме проблем со овозможувањето на вработување на тие инвалидни лица и со една мала

финансиска поддршка се оди кон тоа тие лица да се вработуваат со подолг век на работа во тие заштитни организации.

Мислиме дека законот не е сложен и обемен и си оди во скратена постапка, иако во Заводот за вработување имаме невработени околу 3000 инвалидни лица. Сепак, оваа категорија на лица заслужува еден подобар однос на работодавците и од страна на органите со една поголема одговорност мислиме дека ќе се отстранат овие недостатоци.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Одиме со пријавените.

За збор се јави госпоѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитувани дами и господа,

Обврска на државата во рамките на социјално економските мерки и севкупната нормативна правна дејност да се залага за еднаквост на хендикепираните лица со другите граѓани, при што, освен за општите, да води грижа и за другите специфични потреби.

Во прописите што ја регулираат областа на трудот, треба да се внимава да не постои никаква дискриминација во однос на вработувањето на лицата со хендикеп.

За таа цел, особено во 2000 година, Република Македонија вложува големи напори за создавање на услови за оспособување на лицата со хендикеп, за да можат да ги остваруваат своите права, а особено, во сферата на вработувањето.

Познато е дека до 2000 година, вработувањето на хендикепираните лица се регулираше само со законот за работни односи, како и за севкупната популација во Република Македонија. А со донесувањето на законот за вработување на инвалидизирани лица, во јуни 2000 година веќе се создадени поволни услови при вработувањето на овие лица.

Со законот за вработување на инвалидни лица, беше предвидено, при вработувањето на инвалидно лице, работодавецот да создаде соодветни услови и адаптација на работното место, за што, би се добиле и средства од посебен фонд, формиран за таа намена и тоа за вработување на едно лице, се добиваше вкупно 20 просечни плати, исплатени во Републиката во претходниот месец.

Средствата од овој посебен фонд се обезбедуваат со одвојување на 15% од придонесот за вработување, што изнесува околу 3 милиони евра на годишно ниво.

Со тоа требаше да се создаде еден поволен амбиент за поттикнување на нови вработувања на лицата со хендикеп.

Врз основа на Законот за вработување на инвалидни лица, министерот за труд и социјална политика, донесе еден посебен правилник, со кој што во рамките на Законот за вработување се формира и посебен фонд за вработување на инвалидни лица.

Со овој фонд се обезбедуваат значителни финансиски средства за вработување на инвалидните лица.

Во претходните три години во Заводот за вработување се пристигнати поголем број на барања од работодавци за доделување на средства од овој посебен фонд за вработување на овие лица.

Со ова, Заводот за вработување на Република Македонија, заедно со другите институции во државата, покрај другото, треба да превземе интензивни напори за остварување на овие човекови права и активно учество на хендикепираните лица во општеството, со обезбедување на подобри услови за нивна полесна интеграција во севкупното општество и нормално, со тоа и нивно полесно вработување.

Значи, за остварување на оваа задача, во време на претходната Влада, се извршија следните активности: најпрвин беше ажурирана евиденцијата на невработените инвалидни лица, понатаму, работодавачите и невработените инфалидни лица, беа посебно запознаени со нивните права и обврски, беше донесен правилник и беа извршени промени во овој подзаконски акт, односно во правилникот за фондот, во посебниот фонд за вработување на инвалидни лица, беше направена посебна комисија во Заводот за вработување и изготвена комплетна документација и содветна процедура, ги инструира работниците во Заводот за вработување за правилна реализација на барањата и многу други работи.

На крајот, по разгледување од страна на Управниот одбор, Заводот за вработување ги исплаќаше оправданите барања по сите основи.

Со тек на примената на овој закон во последните три години се увидоа, односно дојде до примена на Законот на начин, од една страна имаше и позитивни карактеристики и позитивен одзив овој закон, меѓутоа, како секогаш што се случува во Република Македонија се користеа можностите кои што не беа доречени во Законот од одредени работодавци, да биде користен Законот и на штета на лицата со посебни потреби, значи беше изигруван овој закон. На пример, само лицата со посебни потреби беа, од страна на некои од газдите што ги вработуваа, беа

вработувани само за многу краток временски период и потоа ги испраќаа дома со одговор дека или фабриката се затвора, или пак, дека не се снаоѓаат добро во работата, а на некои само им беа одземени документите и запишувани како да се вработени, а воопшто не беа вработени, им беа давани симболични суми за тоа.

Сега, која е сегашната состојба, значи во моментот состојбата во Република Македонија. Комисијата што беше формирана, одамна е расформирана, Управниот одбор на Заводот за вработување, крајно нередовно ги разгледува барањата, ова од причина што Управниот одбор од Заводот за вработување на Република Македонија до крајот на 2003 година, нема разгледано, ниту пак дал виза за неколку стотици барања од посебниот фонд за вработување на инвалидни лица, кои што се доставени до Заводот за вработување во текот на 2002 и 2003 година, со што, овие барања се секако на штета на сите, сеуште не се реализирани.

Со ова практично, само делумно се извршува законската обврска од страна на Заводот за вработување за редовно постапување по барањата. Значи се прави, со тие што сакаат чесно да работат и да ги вработуваат овие инвалидизирани лица, се оневозможува и нормално на штета на лицата за кои што беше донесен ваквиот закон.

Затоа е и оправдан огромниот револт кај невработените инвалидни лица и нивните семејства, меѓутоа, и кај дел од работодавците има основани сомненија дека Законот се злоупотребува. Најчесто барања, кои што ги искажува Сојузот на инвалидските организации, а и барања на невработените инвалидни лица е дека средствата кои што сега се покачуваат најпрвин со претходниот закон беше исплата на 20 просечни плати за вработување на инвалидизирано лице, а сега се зголемува на 30 плати. Нивно барање е овие суми на работодавците да се исплаќаат сукцесивно, а не одеднаш во еднократен вкупен износ, како што се исплатуваше до сега. Забелешките ги имаме сите ние пратениците, посебно од интерпарламентарната лоби група, која што се основа во рамките на Парламентот и бевме замолени од страна на Техничкиот комитет на интерпартиската лоби група да ги искажеме забелешките од инвалидските организации и нивните забелешки се однесуваа токму на тоа. Најпрвин на сукцесивноста при исплатата на стимулот од 30 плати. Понатаму, елементи се потребни за заштита на инвалидизираните лица, кои што се вработуваат и дека овие заштитни организации, во кои што тие се вработуваат, треба да имаат хипотекарно обезбедување, за да не се случи да згаснуват после земањето плати, понатаму да има задолжителна ревизија на финансиското работење на фирмите. Нивните забелешки, исто така, се однесуваат

на тоа дека со законот велат тие, силно се стимулираат газдите и претставниците на бизнис секторот да ги искористат предностите, односно парите кои што ги дава законот, како и даночните бенифиции, дека не се превземе ништо за стимулирање на вработувањето на инвалидите во јавниот, односно државниот сектор. Тука тоа го имаат тие искажано и пред министерот Манасиевски и нивниот став е дека никој од државниот сектор нема да ги вработи лицата со хендикеп, ако не ги почувствува законодавецот, или некој началник во некое министерство бенифициите кои што ги добиваат другите работодавци.

Тие апелираат на тоа  дека е потребно да се стимулираат односно да се внесат во законот стимулативни мерки, со кои што ќе овозможи поголем пристап до работните места до јавниот сектор и на оваа категорија на граѓани.

Понатаму, тие велат дека ако интенција на законодавецот е јасна, а тоа е стимулирање на вработувањата на лицата со хендикеп и со тоа подобрување на условите за живот, во процесот на усогласувањето и примената на законот, оваа линија како да се губи. Ова јасно се гледа преку тежнеењето за зголемување на еднократните исплати за газдите и постојаниот притисок на заедницата на заштитни фирми , делот за инвестиции сега да се зголеми до 50 плати, што значи многукратно да се зголеми и како да се создава една атмосфера и една заблуда дека ова е закон за некаков инвестиционен развој или за кредитирање на малото стопанство, наместо вработување на лица со инвалидитет.

Затоа, сметаат дека во новиот текст на законот оваа интенција треба да биде уште појасно изразена преку вметнвување на соодветни законски одредби.

Од друга страна, пак, имаме со предложените измени незадоволни работодавачи, кои исто така велат дека овој закон , најпрво, тие сакаат одговор од Владата зошто не се решава по барањата, кои тие ги имаат доставено  и за кои што чекаат речиси цела година, спротивно на важечкиот Закон во кој што е кажано дека во рок од 60 дена тие треба да имаат одговор. Исто така, тие кажуваат дека целта за ваквото постапување на Владата е собраните 2,3 милиони  евра во посебниот фонд, кои што требало да се доделат досега на подносителите на барањата, кои што се повеќе од 150, треба да доживеат мрак, бидејќи со измените и дополнувањата на овој Закон им се скратува правото на тие што досега поднеле барања да можат да ги добијат средствата. Затоа, оправдано е итното и коренито преиспитување и промени на некои законски одредби од Законот и од Правилникот . Со овој Предлог закон треба да се бараат начини да се разрешат овие недостатоци, бидејки пред се, целта на донесување на законот е вработување на инвалидните лица и да се

обезбедат средства да се помогне во брзо разрешување на невработеноста, на невработените инвалидни лица. Овие средства не се мали, изнесуваат 15% од придонесот за вработување односно овие средства за 2003 година изнесуваа околу 183 милиони денари.

Во отсуство на соодветна грижа на надлежните институции, што значи не инсистирање на нај одговорните лица во овие институции за доследно спроведување на законот, кај мене се јавуваат одредени дилеми по однос на самото функционирање на овој Фонд во 2003 година и во понатамошниот период. Ова значи дека ако вака се продолжи да се работи и понатаму, се прашувам дали Законот за вработување на инвалидни лица е во функција на вработување на невработените инвалидни лица иликако што велат луѓето со посебни потреби дека е со цел богатење на работодавачите, кои , тие велат, безмилосно ги експлоатираат невработените инвалидни лица. Понатаму, зошто се толку малку вработувањата и барањата за вработување на инвалидни лица, а толку се големи барањата во 2003 година и најчесто од едни исти фирми за купување на машини, на опрема, изградба, доградба и адаптација на деловен простор. Каде е трудовата инспекција да интервенира, како и заштитните друштва, да видат, да испитаат што се случува со вработените и со условите за работа во заштитните друштва. Зошто на огласите за вработување од многу заштитни друштва веќе не се јавуваат невработени инвалидни лица, зоштоима толку престаноци на работа по барање на инвалидните лица. Зошто во 2003 година бројот на заштитните друштва во РМ порасна како печурки после дожд. Дали со овие пари можеше досега да се вработеа поголем дел невработени инвалидни лица, дали поради ваквото спроведување на законот во 2003 година не беше подобро ама баш сите невработени инвалидни лица , до нивното реално вработување да си седат дома и да бидат згрижени од државата со над 5 иљади денари месечно, тоа е солидна социјална помош, наместо да стојат парите. Како очекуваме да се реши невработеноста во државата кога со веќе донесен Закон и тоа веќе четврта година со веќе обезбедени огромни финансиски средства за посебната категорија на невработени, не се добиваат очекуваните резултати.

Почитувани дами и господа, 2003 година беше прогласена за европска година на лицата со хендикеп, а државата во изминатата година не посвети посебно внимание и значење на формираниот посебен фонд за вработување на инвалидни лица. Потполно затаи функционирањето на Управниот одбор на Заводот за вработување, бидејки согласно со прописите не се спроведуваше правилно Законот

за вработување на инвалидни лица. Ова значи дека во Заводот за вработување на РМ во текот на 2003 година не се извршуваа елементарните задачи утврдени со овој закон. Со ваквото работење на овој Управен одбор во 2003 година тој успеа да акомулира и досега да не започне да решава стотици предмети поднесени до него во текот на 2002 и 2003 година со барање за доделување на средства од овој посебен фонд за вработување и работење на инвалидни лица. Со ваквото работење овој Управен одбор веќе сериозно ги доведе во прашање спроведувањето и потребата од самото донесување и постоење на овој закон за вработување на инвалидни лица. Значи, само за илустрација, средствата од посебниот фонд наменети за вработување и за работење на инвалидни лица во 2003 година изнесува околу 108 милиони денари или 3 милиони евра. За 2003 година потрошени се околу7 120 милиони денари или 2 милиони евра. Ова значи дека во Заводот за вработување по овој основ во 2003 година ќе има суфицит од 1 милион евра, поради непотрошени средства од овој фонд. Токму и заради тоа кажав дека дали беше подобро , кога веќе не беа дадени по барањата овие пари , по барањата на заштитните организации, овие лица парите што ги предвидела државата за нив, да им беше дадена како социјална помош. Значи, произлегува дека ваквата неодговорност и негрижа кон инвалидните лица на Заводот за вработување влијаеше на вработувањето и на работењето на инвалидните лица во 2003 година, кја што од страна на Европската заедница, посебно ќе потенцирам е прогласена за Година на лицата со хендикеп.

Мој впечаток е дека доколку веднаш вистински не се ангажираат Заводот за вработување, Министерството за труд исоцијална политика, а особено министерот за труд и социјална политика со вака предложените измени и дополнувања, законот нема правилно да се спроведува и да ги даде очекуваните ефекти , со што лицата со хендикеп и понатаму нема да го добиваат неопходното внимание.

Затоа , предлагам , пред разгледвањето на овој Предлог закон сите пратеници претходно, подобро штоподетално да бидат информирани за досегашната примена на овој закон, поточно за резултатите од спроведување на законот за вработување на инвалидни лица во досегашниот период и понатаму и за причината за појавата на суфицит од над 1 милион евра кај Посебниот фонд за вработување и работење на инвалидните лица во 2003 година, како и за одговорноста на надлежните институции за ваквите состојби. Посебно апелирам до колегите, кои се членови на Интерпартиската парламентарна лоби група и до сите други пратеници да го подржат и мојот предлог, меѓутоа и барањето од

инвалидските организации, овој закон наместо по скратен апостапка, да се разгледува по редовна постапка и да може во него да се вметнат сите нивни забелешки , а не само забелешките на заштитните организации , туку и забелешките на инвалидските организации. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има уште две минути до 14,00 часот.

Заменик министерот за труд и социјална политика бара збор.

Повелете.

МАКСУД АЛИ:

Само едно дообјаснување. Ние кажавме дека во подготовката на измените на законот учествуваа сите невладини организации, како што се Заедницата за заштитни друштва, Заедницата на инвалидските организации, Националното координативно тело и други.

Во подготовката на законот , на измените на Законот учествуваа Заедниците за инвалидскли организации. Рековме дека се прифатени нивните сугестии и мислења. Заедницата на заштитни организации, нејзините забелешки исто така се прифатени. Значи, во контакт бевме со сите невладини организации , па затоа ќе ве замолам една мала одговорност и од нас сите тука што сме, како штопобаравме одговорност од сите работодавци и од сите органи што се вклучени во спроведувањето во примената на законот за вработување на инвалидни лица.

Затоа, ќе повторам, ние со доаѓањето на нашето Министерство , со измените во Министерството за труд и социјална политика уште на почетокот на 2003 година настапивме така што ги увидовме последиците од ненаменско користените средства и од нецолосната заштита на веќе вработените инвалидни лица. Затоа, одиме на измени за поцелосна заштита на овие инвалидни лица, заштита на правата на тие инвалидни лица и наменски да се искористат тие доделени средства од Посебниот фонд.

Она што се работи за функционирањето на Управниот одбор при Заводот за вработување факт е дека тие многу одговорно се зафатија за оваа работа уште од почетокот на 2003 година и вродија плод таа соработка со Државниот инспекторат. Факт е дека од 2003 година од март се контролирани сите заштитни друштва, кои користеле средства од Посебниот фонд. Значи , се оди на тоа да се анулираат овие недоследности, овие негативни страни. Оваа категорија на луѓе заслужува барем

подобар однос на сите нас , како што сме ние тука присутни од пратениците , од нас и од органите, но и од работодавците. Затоа, се предвидени измените и одиме на измени на Законот за вработување на инвалидни лица.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јавува Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Кажувањето на заменикот министер го сваќам како реплика, меѓутоа, јас и ..

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Не, тој има излагање, а вие имате реплика на неговотоизлагање.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Да. Јас можам да кажам само дека до нас сите пратениците пристигнаа најпрвин од Сојузот на инвалидски организации , она што билоприфатено и она што не е прифатено од страна на Министерството и ние сме должни како пратеници и да апелираме тоа да биде прифатено, се со цел  да се подобри текстот на законот, а во исто време и за Заедницата на заштитните организации. Мислам дека , исто така, и нивните забелешки не се земени предвид, бидјеки имаме добиено од заштитните друштва за вработување на инвалидни лица, кои се нивните забелешки на законот и нивните протести во однос на она што се предлага со законот . Мислам дека колегите пратеници во понатамошниот тек на расправата тоа ќе го образложат. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Сега е точно 13,3 минути и прогласувам пауза. За еден час продолжуваме со седницата.

(по паузата седницата продолжи со работа во 14,15 часот)

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ги молам, колегите пратеници да влезат во салата да можеме да продолжиме.

За збор се јави г-ѓа Марија Којзеклиска.

Повелете.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Почитувана потпретседателке, почитувани претставници на Владата дами и господа пратеници,

Денеска пред нас е **Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица, со Предлог на закон.** Основниот закон е донесен во јули 2000 година и со неговото донесување, како што е наведено и во причините поради кои треба да се донсе Законот, самиот предлог од страна на Владата целосно и единствено е уреден статусот на трговските друштво за вработување на инвалидни лица, јасно е дефиниран концептот, определен видот и степенот на инвалидноста на лицата, регулирани се прашањата што се однесуваат на ослободување од даноци и придонеси и други давачки, како и други прашања што произлегуваат од местото и улогата на овие друштва во вработувањето на инвалидните лица и нивно вклучување во општествениот живот.

Точно е, тоа што е наведено во основните причини во одреден дел и за одредени заштитни организации дека од самата примена на овој закон имало определени неправилности. Не можам да кажам злоупотреби, затоа што секоја злоупотреба треба да се докаже пред надлежните органи. Значи, неправилности и одредени недоречености што се основ или причина Владата да го поднесе Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица, со Предлог на закон, како што преески истакна заменик министерот за труд и социјална политика ваквиот Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот се земени во предвид предлозите и заклучоците на Заводот за вработување на Република Македонија содржани во информацијата за примената на Законот за вработување на инвалидни лица, која Информација, сметам дека е еден негативен поен на Владата што истата не ја доставила до пратениците, со оглед дека се работи за информација токму за денешната точка од дневниот ред. И, дека оваа Информација била разгледувана на ниво на Економскмо-социјалниот совет и, повторно, уште една причина, зошто оваа Информација не е доставена до пратениците во Собранието на Република Македонија.

Заменикот министер рече дека биле опфатени или прифатени мислењата и сугестиите на Заедницата на инвалидските организации, на Националното

координационо тело за еднакви права на лицата со хендикеп, и Заедницата за заштитните друштва. Меѓутоа, Заедницата на инвалидските организации на Македонија, од неа до претседателот на Собранието г-динот Љупчо Јордановски, а со тоа и до нас пратениците е доставена определена сугестија што, точно дека е прифатена од предлагачите на Законот, меѓутоа, морам да кажам дека оваа сугестија се однесува само на терминолошката усогласеност. Имено, Заедницата на инвалидските организации, бара да се има еден терминолошки израз, а тоа е во целиот законски текст да се употребува "Лицата со инвалидност". Оваа забелешка е прифатена, но, прифатена е само во однос на терминолошкиот дел, па затоа не можеме да зборуваме дека се работи за суштинска измена на Законот или суштинска забелешка што е прифатена од Министерството за труд и социјална политика.

Во членот 11, став 1, од постојниот Закон се вели дека заради остварување на заедничките цели и задачи во унапредувањето на вработување инвалидни лица во заштитни друштва, овие друштва основаат заедници на заштитните друштва (во понатамошниот текст, заедници). Тие заедници имаат собрание, како највисок орган и сметам дека врз основа на информациите што ги имаме од страна на Собранието на Заедницата на заштитните друштва, тоа исто Собрание не е информирано за новиот Предлог на закон, ниту пак е консултирано, ако веќе работиме на измена на Закон за инвалидски друштва, за вработување на инвалидизирани лица.

Економско социјалниот совет, Заедницата на инвалидски организации, Националното координативно тело за еднакви права на лицата со хендикеп, секако дека можат да дадат мислење, како што беше наведено во причините и претходно го кажав истото, меѓутоа, импементацијата на законот ќе оди преку заштитните друштва и преку работодавците кои работат, кои се одговорни за спроведувањето, еден дел од одговорноста за спроведување на Законот. Меѓутоа, другиот дел е самата Заедница на заштитните друштва. Совршено јасно е дека заштитните друштва со инвалидните лица кои ги вработуваат и згрижуваат претставуваат една нераскинлива целина и Собранието на Заедницата на заштитни друштва смета дека со ваквиот предлог на закон таа врска, што треба да претставува нераскинлива, напротив, ќе имаме спротивен ефект, а тоа е дека таа врска ќе биде раскината. Тоа е во однос на она што го кажа преска заменикот министер за труд и социјална политика, за сугестиите од страна на соодветние организации што се занимаваат со проблемите на инвалидизираните лица.

Што се однесува за самиот предлог за изменување и дополнувањ на Законот, членот 2 од самиот предлог се прави конкретна или се прави дефинирање на поимот “инвалидно лице” и овде се сметаат лица со оштетен вид, оштетен слух, со пречки во гласот, говорот и јазикот, телесно инвалидно лице, лице со лесни пречки, во психичкиот развиток, лице со комбинирани пречки и со амандманот што е поднесен од Владата на Република Македонија  се додава и лице со психози кое поради степенот на инвалидноста има специфични потреби за вработување. Значи, со овој член 2 од Предлогот за изменување и дополнување јасно се прецизира кои лица се сметаат за инвалидни лица.

Овој дел од одредбата или амандманот на Владата “лица со психози”, во самото образложение во амандманот се вели дека тоа се лица со тешки душевни состојби и, за да им се излезе во пресрет на тие лица, тие се вмеетнати во одредбата од членот 2. Меѓутоа, јас навистина немам ништо против лицата со психози, или за нивно вработување, меѓутоа, да внимаваме дека се работи за лица, како што наведува и самата Влада, со тешки душевни состојби. Тие лица треба да бидат вработени на соодветно работно место. А, знаејќи што значи “тешка  душевна состојба” како тие се манифестираат за околината а и за самите луѓе, навистина незнам дали Министерството за труд и социјална политика треба да им ја даде оваа надлежност на овие заштитни друштва. Или, мое мислење е дека таквиот начин и згрижување и обезбедување услови токму на овие лица со психози треба сепак да остане во надлежност на државата, преку соодветни институции, ќе повторам со оглед на тешката душевна состојба што ја имаат тие лица. Тоа е во однос на ставот 1, на овој член.

Во однос на ставот 2, во кој се вели дека инвалидноста врз основа на поднесено барање ја утврдува Комисијата за оценка на работна способност на Фондот за ПИОМ, освен ако инвалидноста на лицето не е утврдена од друг надлежен орган. Во образложението не успеав никаде да најдам дали е тоа новоформирана Комисија во Фондот за ПИОМ или е една од  петте комисии што ги има фондот за ПИОМ? Кое ќе биде и врз основа на кој правилник, со оглед на тоа дека во самата работа Фондот за ПИОМ има повеќе правилници што се однесуваат на телесно оштетување и на други видови на оштетувања, дали таа ќе работи по тие правилници на Фондот, или Министерството за труд и социјална политика ќе донесе друг правилник за начинот на работата и утврдување на инвалидноста за да може одредено лице да се смете за инвалидизирано лице.

Тоа што ме буни овде е самото додавање или самиот збор “освен ако инвалидноста на лицето не е утврдено од друг надлежен орган”, дали тоа значи дека по автоматизам ќе биде прифатена утврдената инвалидност од другиот орган, ако се знае дека јавните здравствени установи, согласно новата терминологија во Законот за здравствена заштита, постојат комисии за категоризација каде што се утврдува степенот на инвалидност. Значи, дали овде ќе се работи за автоматизам или пак ќе имаме колизија меѓу работата на Комисијата што ја оценува работната способност и тоа што ќе го дадат другите комисии што постојат во јавните здравствени установи?

Во членот 4-а, затоа што е нов член, се вели дека работодавец не може да вработи или распореди од едно на друго работно место инвалидно лице кое за тоа работно место не ги исполнува општите и посебните услови, односно кое не е оспособено за вршење на работите на тоа работно место. Очигледно е дека оваа одредба е преземена одредба од Законот за работни односи, или еден дел, меѓутоа се прашувам дали воопшто овде можат да постојат општи и посебни услови за распоредување. Општите и посебните услови што треба да ги исполни инвалидното лице, ако се знае дека општи услови се: државјанство, деловна способност и одреден број на години. А, посебните услови, покрај степенот на образование има и други. Значи, дали ваквата формулација на оваа одредба треба навистина да постои во Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица, со Предлог на закон.

Неколку од членовите се променети само во однос на терминологијата. Се воспоставува иста терминологија во однос на претходниот, основниот закон и овој закон.

Членот 10 од Предлогот за изменување и дополнување на Законот претставува само една промена на одредбите или местоположбата, ставот 1, да стане став 4, ставот 2 да стане став 3 и обратно, и една нова одредба што вели дека, работното оспособување може да се врши кај работодавецот и кај друг работодавец според програми под услови и начин утврдени со акт на Заводот. Во основниот текст на Законот во членот 12, оној став што се менува гласи - Заводот односно работодавецот што го упатува инвалидното лице на рјаботно оспособување со работодавецот склучува договор со кои се регулираат условите под кои ќе се спроведува работното оспособување, траење на оспособувањето, верификација на оспособеноста, средствата за работно оспособување и меѓусебните права и обврски. Навистина незнам, зошто во овој Предлог за изменување и дополнување,

Заводот, како орган е исклучен? Која е причината Заводот да биде ислучен во однос на договорите односно работното оспособување?

Интересна е одредбата од членот 12, а се однесува на член 13 од основниот текст на Законот, така што основниот текст на Законот, членот 13 гласи - Средствата потребни за работно оспособување од член 12 на овој Закон се обезбедуваат од посебниот фонд. Со измените, предлогот стои дека средствата потребни за работно оспособување од членот 12 се однесуваат и на работата на Комисијата за оценка на инвалидноста од Фондот за ПИО, за работоспособноста во Фондот за ПИОМ. Значи, средствата што досега беа потребни за работно оспособување на инвалидизираните лица, од сега, покрај за ова, ќе бидат и за надоместок на Комисијата што ја утврдува инвалидноста во Фондот за ПИОМ. И, овде која е причината за надоместокот на Комисијата, затоа што, верувајте дека комисиите во фондот, ако не се работи за некоја нова Комисија, што допрва треба да се формира, меѓутоа, навистина незнам кога веќе имаме постојни комисии во Фондот за ПИО, комисии што се способни и кои се остручени, имаат искуство во утврдувањето во својата работа, зошто тие да не останат да бидат, барем исплатата или надоместокот на оваа Комисија да биде во Фондот за ПИОМ, за да не се одземаат средства од посебниот фонд што се наменети токму за работно оспособување на инвалидизираните лица.

Во членот 13 од Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица, со Предлог на закон е всушност измена на членот 15 од основниот текст на Законот. Во амандманот што е поднесен од страна на Владата, амандманот 2, во членот 13 став 2, се менува и гласи - За извршување на функциите на посебниот фонд во текот на една календарска година можат да се потрошат најмногу од 2% од вкупните средства со кои располага посебниот фонд. Значи, за извршување на функциите на посебниот фонд во текот на една календарска година. Во самото образложение на амандманот стои дека дадениот текст, очигледно дека станува збор за пермутација на зборови и ограничување на средствата за намената за која што тие се определени и за која се издвојуваат.

Сметам дека овде воопшто не стои пермутација на зборови, туку всушност претставува пермутација на суштината а не на зборовите. Зошто го велам ова? формулацијата што првобитно постоеше во Предлогот е многу појасна и попрецизна, за разлика од текстот на амандманот на Владата што всушност станува составен дел на Законот. Со новата формулација излегува дека за извршување на функциите на посебниот фонд во текот на една календарска година, може да се

потрошат максимум 2% од вкупните средства на посебниот фонд. Посебниот фонд ќе ги троши средствата не за работна способност, за која што се наменети, туку ќе ги троши за свои сопствени потреби, така барем според тоа што е дадено во амандманот, - за извршување на своите функции. Значи, овде имаме можност за злоупотреба или манипулација, како што се плаши Владата и заради тоа го поднесува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица, со Предлог на закон, токму со ваквата одредба за извршување на функциите, навистина која е интенција на Владата, вака да ја даде оваа формулација и не станува збор, тврдам, за пермутација на зборови, туку пермутација на суштината. Ако го споредите текстот на основниот закон и амандманите на Владата, сите ќе дојдете до истата констатација.

Членот 16-б е секако во функција на подобрување на самиот закон за вработување на инвалидизирани лица, меѓутоа, колку и да се искрени и добронамерни намерите на Владата со се она што е дадено во претходните членови од овој Предлог, сметам дека паѓа во вода за две одредби. Тоа е одредбата од членот 16-а, новиот член и тоа ставот 3 како и одредбата од членот 22 од Предлогот за изменување и дополнување на Законот.

Одредбата од членот 16-а , морам да ви ја прочитам за да разберете што сакам да кажам.

“Подносителот на барањето може да користи средства од посебниот фонд за намените од став 1 точка 1,” тоа е за вработување на инвалидно лице на неопределено време, став 3 е набавка на опрема, став 4 доградба и адаптација, значи, подносителот на барањето може да ги користи овие, под услови утврдени во законот со три задолжителни услови кои треба да ги исполнат.

Прво, да е деловно активен.

Второ, да има позитивен бонитет издаден од надлежна институција.

Трето, редовно да исплатува плата и уплатува придонеси од плати за последните 9 месеци, сметано од денот на вработувањето на инвалидното лице.

Ова во пракса значи дека на соодветниот работодавец кој има вакво заштитно друштво треба девет месеци да е деловно активен, девет месеци врз основа на таа активност да му биде издаден позитивен бонитет од надлежна институција и 9 месеци редовно да уплатува плати и редовно да ги плаќа придонесите и даноците.

Дали можете да ми кажете која фирма во Република Македонија во овој момент работи така редовно за да можеме ние да бараме од работодавците во овие фирми да ги исполнат сите овие три барања кумулативно за да можат да поднесат

барање до посебниот Фонд. Дали посебниот Фонд ќе им ги даде, тоа е прашање за понатаму.

Значи, условите за работодавците колку и да претпоставиме дека имало злоупотреби во минатото сега уште повеќе ќе ги демотивираме за да можат да работат со ваквите заштитни друштва ако се знае дека бројот на заштитните друштва во Република Македонија е околу 500 и дека истиот тој брои 10.000 лица со оглед на фактот дека услов за такво заштитно друштво е 40% да бидат инвалидизирани лица, а останатите да бидат здрави лица.

Како ќе ги мотивираме тие 500 заштитни друштва да продолжат со овие измени на законот да работат во иднина?

Што се однесува до членот 22 кој вели “поднесените барање за доделување на средства од посебниот фонд кои не се решени до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе се решаваат според одредбите од овој закон.

Некоја од колешките предходно спомна износ од над 150 барања кои се доставени до Управниот одбор на Заводот за вработување на Република Македонија 2002 и 2003 година, тие барања сеуште не се решени, а со стапувањето на сила на овој закон тие барања треба да бидат решени според одредбите од овој закон. Значи, тие луѓе чекале една година и три месеци за да можат да им се исплатат определени средства по било кој основ и сега ако ги исполниле условите од тогашниот Закон, со овој закон никогаш нема да ги исполнат условите и нема да профункционираат , едноставно ќе ги затворат фирмите.

Во вакво стопанство во Република Македонија навистина треба фирмите да бидат супермени за да можат понатаму да продолжат нормално да ги извршуваат, меѓутоа, овие фирми - заштитни друштва нормално да ги извршуваат обврските и во иднина да вработуваат односно да ги мотивираме да вработуваат инвалидизирани лица.

За крај само ќе резимирам, се надевам дека министерот за труд и социјална политика ќе има коментар на ова што јас го кажав, меѓутоа, барањата за доделување на средства рековме дека чекаат повеќе време, несакам да го спомнувам временскиот период, со оглед на тоа дека за некои е многу долг, и барања чекаат, а тоа е спротивно на член 16 став 2 од овој закон каде Управниот одбор на Заводот за вработување на Република Македонија  ги решава поднесените барања на секои 60 дена. Ние тука зборуваме за месеци, можеби за години.

Претходните колеги спомнаа дека во Заводот за вработување на Република Македонија за 2003 година имаме суфицит од еден милион евра поради

непотрошените односно нераспределените средства до соодветните заштитни друштва.

Според последната информација што ја имам, можеби министерот ќе ме демантира, меѓутоа, последните три месеци воопшто не се исплатуваат средства од посебниот фонд до барателите на средствата, заменикот министер пред малку спомна дека државниот инспекторат за труд од март, не се сеќавам за која година зборуваше, дека прави контроли токму на овие заштитни друштва, меѓутоа, кои се ефектите од тоа ќе оставам на Министерството за труд и социјална политика да го каже.

Точно е дека некое од предложените решенија одат во прилог на поголема заштита на правата на инвалидните лица  вработени во овие заштитни друштва кои сметам дека сепак се парцијални во споредба со определени одредби од законот за кој денеска говорев кои се сосема контрадикторни пред се со фактичката состојба заради неразумно давање и крајно неповолните услови кои се нудат од денот на стапувањето во сила на овој закон во иднина на сите работодавци кои сметаат дека можат и сакаат да основаат заштитно друштво.

Заради тоа, ако ме прашате дали воопшто има потреба од изменување и дополнување на законот за вработување на инвалидни лица, мојот одговор е да, а ако ме прашате дали вакви измени и дополнувања на законот за вработување на инвалидизирани лица се потребни, мојот одговор е не, токму поради определен демагошки пристап во презентирањето на решенијата, а без согледување на реалната фактичка состојба која постои во Република Македонија во овој сегмент.

Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г. Агим Џелили.

АГИМ ЏЕЛИЛИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги,

Законот за измена и дополнување на Законот за вработување на инвалидизирани лица е еден од позитивните закони кој е донесен во 2000-та година, меѓутоа со тек на време е констатирано од надлежните органи за надзор и контрола дека постои можност на злоупотреба од страна на некои трговски организации кои условно нивната дејност била врзана со закон да вработат инвалидни лица врз основа на степен на инвалидност која е над се хумана и човечка. Оваа категорија на

општеството има посебен статус и во нашата држава како и во сите други цивилизирани држави.

Со дополнувањето на овој закон секако ќе се создадат услови за стимулирање на вработувањето на поголем број на инвалидни лица без оглед на која категорија и степен на инвалидност припаѓаат.

Значи, имаме инвалиди со телесни недостатоци било од конфликтот од 2001 година или од разни други сообраќајни незгоди без оглед на која национална припадност припаѓаат затоа што според сите меѓународни конвенции инвалидите се третираат како инвалиди. Индивидуалци со недостаток на вид, слух, инвалиди со психофизички недостатоци и други комбинирани форми. Степенот на инвалидност и физичка способност секако ќе ја определи надлежната Комисија во фондот за ПИО врз основа на што ќе течат обврските на Фондот во прв ред, како и на трговските организации кои се бават со вработување на оваа категорија на општествени слоеви.

Кога сме кај надлежната Комисија на фондот за ПИО обврските се јасно определени со закон и апелирам до оваа Комисија да работи доследно околу категоризација на инвалидноста така ќе ги елиминира најмалите сомнежи што се можни, што е можно да се појават во практичниот живот.

Почитувани колеги, во законот се предвидени и нови форми на можна употреба на посебниот фонд кој е во врска со адаптирање на работното место искористувајќи ги потребните средства за инвалидите како и реедукација на оваа категорија на граѓани така што овие граѓани ќе се чувствуваат како составен дел на ова општество така што со своите интелектуални способности и стручни способности ќе можат да придонесат за општиот развој на ова општество.

За да се постигне сето ова треба една подлабока комуникација, похумана комуникација меѓу Заводот за вработување, комисиите за утврдување на инвалидитетот во Министерството за труд и социјална политика, невладините организации за хендикепирани инвалиди или со психофизички недостаток како и работните организации кои се занимаваат со вработување на оваа општествена категорија, што значи искористувајќи ги сите бенефиции кои ги дава Законот, говорам за работните организации, но под еден услов да не ги злоупотребат или да нема злоупотреби во оваа насока што значи не смееме во несреќата да создаваме задоволство.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збро има г-ѓа Ана Андова.

АНА АНДОВА:

Благодарам г-ѓо потпретседател, г. министре, колеги и колешки пратеници,

Јас нема да ги коментирам причините и целите поради кои треба да се донесе овој закон или причините и целите поради кои бил донесен претходниот Закон кој го изменуваме и дополнување и позитивните трендови кои произлегле или треба да произлезат во третманот на државата и на општеството со граѓани со посебни потреби. Заради тоа и причините и целите и потребите на граѓаните се неспорни и треба постојано да градиме еден цивилизациски однос спрема оваа категорија на граѓани.

Јас ќе коментирам еден друг аспект. Во 2000-та година беше донесен Законот за вработување на инвалидни лица и со Законот и Правилник за услови и критериуми за намената на средствата кои се доделуваат од овој посебен фонд. Токму тука кратко ќе се задржам со неколку забелешки.

На моето пратеничко прашање упатено до министерот за труд и социјална политика при крајот на февруари 2003 година, значи минатата година за функционирањето на Законот од две години и за наодите од Државниот инспекторат за труд за злоупотребите во доделувањето и користењето на средствата од посебниот фонд согласно тогаш утврдените критериуми во Правилникот, добив одговор на четири страници со високи износи на средства ангажирани за намената на вработување по основ на инвалидитет, меѓутоа, исто така висок износ на средства и степен на злоупотреба на истите на штета на оваа категорија на граѓани.

Во најмала рака сметам за крајно лицемерие да се коментира еден период од функционирање на Законот и тоа по основ на намалено трошење на определените средства од посебниот фонд без да се коментира лабавоста на критериумие по кои се доделувале истите средства и тоа да се земе како една од причините во контекст на целокупната анализа за трошењето или нетрошењето на овие средства.

Овој Предлог на закон за изменување и дополнување нуди една поголема заштита на средствата кои се доделуваат од можни злоупотреби.

Понатаму, поголема заштита на работниот однос на овие граѓани и особено тоа што се задолжува конкретна институција да врши увид во наменското трошење на средствата, а што претходно не беше случај. Се определуваат парични казни во значителни износи за работодавците и одговорните лица.

Во овој контекст би сакала уште еднаш да кажам дека целта и при донесувањето на Законот кој сега го менуваме и за измените за кои сега дискутираме се одредена бенефиција која треба да ја добие одредена категорија на граѓани и тоа треба да биде аспектот од кој ги коментираме овие одредби.

Јас очекувам со актот кој ќе следува по овој закон да се изострат и допрецизираат критериумите за доделување на средствата од посебниот фонд што во исто време ќе значи и повисок степен на заштита при работа, особено го потенцирам ова заштита при работа на инвалидизираните лица повисок степен на заштита на правата од работен однос и што е најважно за мене во паралела со интенцијата на овој закон одржливост на вработувањето и поддршка на работодавачот кон вработување лица по основ на инвалидитет и реална основа за продолжување на овој тренд за вработување по основ на инвалидност во контекст на процесите на вкупната демократизација на односите во општеството.

Тука би сакала да додадам и едно сугестие до предлагачот на законот а согласно општите начела на кои што се заснива законот.

Јас предлагам уште еднаш добро да се размисли во член 2 да се внесат и лицата со психоза. Мислам дека тоа е најупатно да го стори предлагачот на законот отколку тоа да се прави со амандмани. Од кои причини.

Заради спазување до крај на принципот на социјална вклученост на сите граѓани и заради тоа што степенот на оштетеност на овие лица е од различен вид и обем, а тоа може да се регулира преку критериумите за доделување на средства или со некој друг акт. За аргументите за и против оваа моја сугестија сметам дека не е место овде да расправаме.

Јас очекувам оваа сугестија да биде најсериозно замена предвид и уште еднаш да кажам дека измените и дополнувањата што ги нуди овој Предлог на закон нудат поголема функционалност и особено оправданост на трошењето на средствата од посебниот фонд и најважно вкупната заштита од сите аспекти на инвалидизираните лица заради тоа што тоа е и основната интенција и на основниот закон кој е донесен 2000 година и измените кои со овој закон се предлагаат.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор министерот за труд и социјална политика Јован Манасијевски.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Почитувани пратеници,

Слушнав неколку дискусии ваши и од тие дискусии навистина не разбирам зошто имаме потреба да го менуваме законот кога законот е одличен, функционира, се е во ред, прекрасен е. Многу ми е жал што претходната пратеничка рече дека чувствува навистина нема потреба да се зборува за причините затоа што се широко познати и досега елаборирани. Можеби е тоа така, меѓутоа истовремено не треба да се извртуваат тие прижини или пак дотолку повеќе да се минимизира да самата промена што денес ја нудиме на законот всушност донекаде ја обештетуваат.

Почитувани пратеници,

Ние имаме огромна мака зошто го менуваме овој закон. Овој закон во своето неколку годишно важење, бидејќи е донесен 2000 година стана елдорадо за злоупотреби, за махинации особено од заштитните организации. Мене навистина ми е неразбирливо кога одредени пратеници се јавуваат како адвокати на таквите заштитни организации кои што на најбескурпулозен начин користејќи ги огромните дупки во законот вршеа злоупотреба на средствата кои што пред се основна интенција им е хумана и интегративна.

За што говориме? Законот донесен 2000 година имаше убава идеја, убава интенција, меѓутоа на најбитното прашање, на прашањето на надзор над средствата што се доделуваат како грантови немаше никаков одговор. Ние имаме еден закон со темелен дефект. Се одредуваат огромни средства. Досега по овој закон се потрошени околу 230 милиони денари, од неговото важење, а без никаква можност за надзор на трошењето на тие средства од ниеден орган. Тоа почитувани пратеници беше основната грешка и фалинка на овој закон. Ние го менуваме овој закон за да ја надминеме таа фалинка. Значи, немаше воопшто надзор над средствата. Едноставно заштитните организации си аплицираа, управниот одбор на Заводот врз основа на тие формални кретериуми доделуваше грант, потоа што не беше никој овластен ниту имаше можност да го следи наменското трошење на тие средства. Оттаму овој закон уште веднаш од неговото донесување беше забележан од луѓето кои што сакаа да прават злоупотреби, па почна веднаш да расте бројот на заштитните организации, почнаа одеднаш да се шират капацитетите, Заводот доделуваше грантови, меѓутоа не постоеше можност да се врши надзор. Тука доаѓаме до прашањето зошто во текот на 2003 година е успорена динамиката на давање на вакви средства.

Почитувани пратеници, затоа што членовите на Управниот одбор на Заводот за вработување се најдоа во една сериозна дилема да бираат меѓу две зла. Поради дефектот на законот да одлучат да ги делат средствата без никаква

контрола, без можност да извршат надзор или пак да се одлучат на помалото зло според нив, поспоро да ги делат тие средства.

Впрочем оваа ситуација немаше да биде толку лоша ако пратениците овој закон го оставеа малку порано, бидејќи тој 5 месеци е во Парламентот, доставен е во ноември, а еве се разгледува во средината на март. Да успеевме да го донесеме до крајот на минатата година, како што се планираше веројатно досега потрошувачката на наменските средства ќе беше многу реализирана. Значи тоа беше основната фалинка на овој закон.

Сега како го надминуваме тој проблем? Прво, го овластуваме Управниот одбор, значи оној што ги определува средствата да може да врши и надзор врз наменското трошење на средствата.

Потоа воведуваме институт на повратување на тие средства доколку во процесот на надзор се констатирани ненаменски трошења и воведуваме казни за тие што ќе се осмелат вака чувствителна тема да ја користат за сопствено богатење. Значи основната цел на измените е никој на грбот на инвалидите неовластено, незаконски да се богати. За тоа ние денес разговараме и затоа го менуваме овој закон.

За тоа колкави се и какви се злоупотребите постојат и документи доставени на ваше барање, како што спомна претходната пратеничка, во март месец како одговор на пратеничко прашање минатата година дадени се резултатите од една масивна акција на трудовата инспекција.

Резултатите што покажаа? Од 210 заштитни организации 22 затворени. Значи 11% вршеле злоупотреба, нелегално работеле, не по основ на овој закон, затоа што по основ на овој закон не може никој да врши надзор над наменското трошење на средствата, туку по други основи, по други прописи. Тоа токму го потврдува фактот дека заштитните организации масовно го злоупотребуваат овој закон.

Кога говориме за тоа која е целната група на законот, која е целта на овој закон не треба да ги мешаме лончињата. Не го правиме законот за заштитните организации да работат подобро или да се пролитирираат или да остваруваат поголем профит. Законот го правиме да ги заштитиме инвалидите од злоупотреба. Од 700луѓе вработени по овој закон 105 се избркани, речиси 15%, затоа што овој закон го овозможува тоа. Значи, заштитните организации ги добиваат грантовите, потоа по неколку месеци ги бркаат луѓето, инвалидите повторно ни се дома. Целта на законот е социјална интеграција на инвалидите, а не они да седат дома и да

примаат некој надомест од овие заштитни организации кои ги користат нив како формално покритие за грантовите.

Кога говориме за ова прашање има уште едно принципиелно прашање надвор од прашањето на злоупотребите и надзорот. Европски тренд е госпоѓо Којзеклиска инвалидите да се вработуваат во отвореното стопанство, затоа што само на тој начин се врши вистинска социјална интеграција на инвалидите. Додека тие работат во заштитните организации тие работат повторно во една гетоизирана со слични на себе и степенот на нивна социјална интеграција е многу помал. Затоа сите трендови, децении повеќе наназад се да се инсталираат такви мерки инвалидите да бидат вработувани во така нареченото отворено стопанство, значи во нормалните фирми, а не во специјално направени заштитни организации. Токму на тој начин ќе се обезбеди она за што стана збор за одржливоста на работните места на овој начин.

Инаку, беа изречени и одредени забелешки на процесот на правење на овие измени. Сакам особено, може веќе звучи нескромно, меѓутоа да го пофалам процесот на изготвување на измените што се денес пред вас. Тој траеше 6 месеци и се состоеше во интензивни консултации помеѓу изготвувачот, формалниот предлагач на законот и најкопетентните институции - Здружението на инвалидски организации и Националното координативно тело за еднакви права на лицата со хендикеп. Притоа сакам да го истакнам фактот дека нашата држава е прва која и формално пристапи на ваков начин почитувајќи ја Декларацијата на Советот на Европа од мај 2003 година во која експлицитно се бара од државите членки на Советот на Европа во сите фази од визеирање до имплементација на прописите кои се однесуваат на инвалидите, со своите претставници да бидат вклучени. Ние тој процес го почнавме уште во јуни 2003 година и траеше до ноември 2003 година. Овие измени се резултат на многу интензивни консултации и се резултат на целосен консензус, како што стои и во причините на самиот закон.

Плус тоа тие беа исто така разгледување на Економско социјалниот совет, на трипартитното тело, како што знаете и работодовачите на заштитните организации имаат свои претставници. Така што овој процес е земен како пример и модел и за другите измени на законските акти што треба да бидат во останатите министерства.

Како што реков законот е донесен 2000 година и сега го менуваме во функција да им го олесниме пристапот до работните места на инвалидите. Интенцијата и на Владата и на Парламентот е добра да и во вакви услови на

енормна невработеност сепак за оваа категорија на луѓе да бидат обезбедени посебни субвенционирани привилегирани услови. Да се одвојат средства во висина од 15% што претставува еден извонреден процент споредено со повеќе европски држави, процент кој што е над европскиот просек и процент кој што би требало да одговори на потребите и можностите во нашето општество. Меѓутоа главната цел е социјална интеграција и ние треба да изнаоѓаме такви механизми што ќе значат субвенционирање, меѓутоа, пред се во отвореното стопанство и во корист, во интерес на инвалидите, а не 150-200 заштитни организации тие преку свои лоби групи да ни ги креираат законските решенија. Овие законски решенија се прават во интерес на инвалидите. Впрочем за тоа говори апсолутната поддршка на сите инвалидски организации што ја имавме во овој процес на донесување. Нивниот апел е и до Парламентот што побрзо овој закон да се донесе, затоа што 5 месеци стои во Парламентот и она што како претставник на Владата можам да ви ветам е дека согласно со одредбите на Советот на Европа и во изготвувањето на правилниците, чиј што процес веќе отпочна постои комплетна вклученост на претставниците на инвалидските организации и на инвалидите што гарантира дека ние во крајна фаза ќе имаме навистина прописи што се направени наменети и прифатени од оние за кого и на кого се однесуваат.

Оттаму вие како пратеници имавте доста време да ги разгледувате овие забелешки. Јас ја следев дискусијата и по комисии и сега, еден голем дел од прашањата што ги покренувате ќе бидат регулирани во правилниците и јас како информација тие правилници ќе ги поделам до пратениците затоа што Парламентот е исклучително активен во оваа сфера, има формирано и посебна група во рамките на Парламентот од сите политички партии што е посветена на овие прашања. Таа група исто така даде свој придонес и јас сакам и тука од името на Владата да се заблагодарам на тој придонес со надеж дека конечно тендентирањето, злоупотребата на еден хуман проект, на една хумана идеа со овие измени ќе го отстраниме и дека по усвојувањето на овој закон ќе можеме да говориме за наменски добро таргетирано трошење на овие средства на задоволство на оние на кои им се наменети, на самите инвалидни лица.

Благодарам за вниманието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господин министер.

Господиние Даневски, реплика ли имате?

Повелете.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Малку ме збуни излагањето на господинот министер, затоа што сега не стави нас во една фаза на размислување дали лошиот или добриот закон треба да се почитува или намерно или ненамерно под улсови како оценило Министерството дека треба да се спроведува споро, или не знам како. Ние сме тие кои што треба законите да ги почитуваме, а дали споро или неспоро, или дали се прави лоша проценка, да беше сега Хари Костов ќе му дадеше кривична пријава. Ако има непочитување на закон кривична пријава. Тоа е модерен тренд.

Во прилог на тоа дали има богатење или нема, мислам дека овој закон треба да биде во фаза на она што значи ново вработување. Ако постоел сомнеж, сомнеж и да се спроведе контрола, контролата ќе ја спроведува органот кој е задолжен за тоа, а тоа е Министерството за внатрешни работи.

Се согласувам со министерот за тоа дека општ тренд во Европа, икако 2003 година е прогласена за година за заштита на хендикепираните граѓани, дадено е во законот, за бонитетот на фирмите, плаќање на придонесе за девет месеци. Нека каже министерот една фирма која е заштитна работилница може да плати девет месеци station наназад придонеси и да има добар бонитет. Тоа е научна фантастика. Таква фирма во Македонија апсолутно не постои, а го делам неговото мислење дека треба да се работи за оние што се добри фирми таму да се овозможи прием на хендикепирани лица. Тоа држи. Другото, овој закон е закон на надеж, закон кој нема да се реализира. Сите тие фирми што се заштитни работилници кубурат со страшни проблеми, не само девет месеци да нема платено придонеси, не само што немаат земено плата, туку сите се ставени во крах, да пропаднат.

Другото држи, ако се 700 вработени од кои 105 од тие што се вработени по овој основ се набркани како доброволно нивно напуштање, а се извршени по сила на притисок, ги принудуваат за да може да примат други го делам вашето мислење. А за тоа да цениме дали законот е лош или добар мислам дека законите во државата мора да ги почитуваме. Единствено успешна фирма во оваа држава е Владата. Владата зема редовно плата, Владата си има придонеси и таа е најдобрата фирма.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван министер,

Ви се обраќам и како министер и како земеник премиер и сакам да се осврнам на неколку работи.

Да не ги обвинувате пратениците заради тоа што законот во Парламентот стои според ваша информација пет месеци. Според моја информација тоа е три месеци, затоа што оваа седница е закажана на крајот на декември. Да не постои сомнеж, затоа што дневниот ред го предлага претседателот. Точките исто така ги предлага претседателот на Собранието. За ваша информација да кажам дека оваа седница броеше рекордни 52 точки. Вие сте ја имале таа среќа и судбина да паднете во една ваква седница во која што го разгледувавме и Буџетот и Законот за територијална поделба итн. Немојте да ги обвинувате пратениците. Пратениците си ја работат својата работа онака како што според Уставот треба да си ја работат. Тоа е по однос  на она што го спомнувавте два пати.

По однос на вашите забелешки на законот кажавте и зборувавте за социјална интеграција. Само би сакал да ве прашам почитуван министер за кои нормални фирми вие денеска зборувате за да правиме социјална интеграција на овие лица, да ги вработиме во нормални фирми. Јас ќе ви кажам само еден податок и вие како заменик премиер сигурно го знаете. Падот на индустриското производство во Република Македонија во однос на минатиот месец е цели 40%. Тоа ли се нормални фирми. Значи, за да имаме нормални фирми треба да имаме и нормално стопанство за да можеме да имаме и нормална Влада. Меѓутоа очигледно како е тргната работата не само што немаме нормални фирми, туку веќе немаме и нормално вработени, бидејќи сите според вас и според Владата отидоа на Заводот за вработување и како сега ќе правиме социјална интеграција.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас само да кажам, не бев тука присутен, ако е тоа вистина дека министерот го окривува Парламентот, мислам дека тоа е несреќен израз, затоа што законот беше ставен точно пред три месеци. Но, вие знаете како следеа сите тие седници и расправи и што се случувало меѓувремено.

Има збор Јован Манасиевски, министер за труд и социјална политика.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Ги прифаќам вашите забелешки и забелешката  на господинот Караџоски, не беше интенцијата да се каже дека пратениците се виновни, туку дека законот е

излезен од Владата во месец ноември. Тоа е фактичката ситуација без некој да се окривува. Инаку, што се однесува до трендовите за кои што говорев господине Караџоски, никаде инвалидите не се вработуваат во индустриските гранки, туку се вработуваат во лесната преработувачка индустрија и најмногу во услужните дејности, во терцијалниот сектор. Терцијалниот сектор во Република Македонија впрочем како и во целиот свет е најекспанзивен сектор, тој е независен од другите сектори, тој постојано расте и во секоја држава, значи дури и во државите кои што одат економски надолу, таму структурата и односот помеѓу примарниот, секундарниот и терцијалниот сектор секогаш се менува во полза на терцијалниот сектор. Оттаму се гледа и големата можност на вработување на инвалидите во отвореното стопанство. Јас се надевам дека и во текот на оваа година како што и минатата година кога Владата проектираше раст од 3% на бруто домашниот производ, а ќе биде остварен од 3,1%, најверојатно дека и оваа година и проектираните 4% ќе бидат остварени и на тој начин дел од тој раст ќе може да го исползуваат и овие лица за кои што е наменет законот.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Почитуваниот министер за труд и социјална политика често пати се обраќа кон пратениците и постојано укажува за начин на работа, или размислување на пратениците. А со оглед на фактот дека пратеничката функција ја даваат прво, да ги изразуваат мислењата на граѓаните од кои се избрани. Второ, да размислуваат со своја глава кога треба да дојде предлог на закон што не значи дека тие се адвокати на некоја страна. Во самиот предлог има како што реков и добри решенија заради подобрување на заштита на правата на инвалидизираните лица. Меѓутоа, со оглед на актуелната економска состојба во Република Македонија, дали почитуваниот министер смета дека со ваквиот предлог на закон со оглед на трендот кој постои во европските земји ќе може да се вработуваат инвалидизираните лица во отворени фирми, како што рече тој, дали прво тоа ќе се овозможи. А ако веќе гледаме каде одат работите и тоа не верувам дека ќе се оствари, остануваат заштитните работилници. Јас ќе повторам уште еднаш, инвалидизираните лица и заштитните друштва се во нераскинлива врска во овој момент, а иднината и времето всушност кое ќе дојде после стапувањето на сила на овој закон ќе покаже дали министерот бил во право кога ги предложил ваквите предлози, ваквиот предлог за измени и дополнувања на Законот, или ќе треба да се изврши уште една доработка на овој предлог.

Што се однесува до надзорот, единствената маана на претходниот закон била дека немало надзор. Во членот 19 од основниот закон се вели дека надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон врши Министерството за труд и социјална политика. Инспекциски надзор на спроведувањето на одредбите од овој закон кои се однесуваат на посебните услови за вработување и работење на инвалидните лица врши Државниот инспекторат за труд. А ако веќе сакал министерот да обрати посебно внимание на надзорот и навистина да ги заштити правата на инвалидизираните лица, тогаш требал да ја смени и одредбата каде што поoперативно управниот одбор, значи останува одредбата и со овој предлог закон не се менува одредбата во која управниот одбор на Заводот за вработување на Република Македонија, или некој друг орган уште поoперативно ќе го врши надзорот.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

И благодарам на комплиментите на пратеничката Којзеклиска дека јас сум автор на законот. Меѓутоа, ниту јас, ниту Министерството, ниту Владата не е автор на овој закон. Овој закон е резултат на 6 месечен процес на усогласување помеѓу сите релевантни институции и во овој закон повеќе го има ракописот на цивилниот сектор отколку на Владата и на Министерството. Навистина ми е жал што тоа не го разбирате, меѓутоа тоа неразбирање се разбира е на ваша сметка.

Второ, воопшто не е срамота пратеничке, вие да бидете адвокат на заштитните организации. Впрочем сите парламенти во светот пратениците ги користат како лобисти на одредени сектори, индустрии, тоа воопшто не е срамота. И тука во нашиот Парламент има пратеници што се лобисти за развој, за субвенции за земјоделскиот сектор, има лобисти што се за информатичкиот сектор. Тоа воопшто не е срамота, вие не треба да се срамите од тоа, туку јас ви говорам дека тоа за што вие се залагате, тие заштитни организации чиј што лобист сте вие, се покажале дека со надзори на овластени органи 11% од нив се затворени. Значи тоа се факти. И впрочем и самите нивни претставници се согласија со овие измени во законот. Значи, и нивниот потпис стои позади овие измени, токму соочени со фактот од големите злоупотреби и од потребата нивниот образ како организација да остане чист. Затоа и самите тие ги поддржаа овие измени. И кога самите заштитни организации ги поддржаа овие измени, јас навистина незнам и во тој случај што конкретно и чии интереси вие штитите?

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Барам реплика.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Спиро Мавровски ќе го сублимира сето тоа.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Еве, министерот на нашите забелешки си продолжи со етикетирањето, сите сме лобисти, сите нешто лобираме, само незнаеме за кого лобираме. За оваа Влада, сигурно не. Во неколку посебни изјави и ова што го говореше пред нас беше многу упорен дека ова е донесено со апсолутна подршка од сите инвалидни организации и прифатено со консензус. Јас како член на Интерпарламентарната група, така беше договорот после последниот состанок со господата и покрај тоа што овој закон е донесен во ноември месец, имаа голема желба да се сретнат со министерот и одредени делови да бидат вградени  кои што не се вградени во овој закон. Значи, таков консензус сигурно дека нема. И луѓето инсистираат на таа средба. Ние неможевме да интервенираме ниту амандмански, затоа што оваа седница е закажана во месец декември, а средбата беше пред неполни две, или три недели.Господине министер јас пред мене го имам истиот закон кој што вие  го поднесовте во месец ноември. Апсолутно не гледам некоја промена да во меѓувреме вие сте се сретнале со тие организации, дека сте ги вградиле нивните забелешки кои што ќе придонесат за подобро решение. Очекував дека некои од моите колеги, така барем беше договорот, на денешната седница да ги презентира нивните побарувања, или во договор со вас вие да ги прифатите и да ги внесете во законот. Но таква работа тука не гледам. Вие и понатаму во секое ваше одговарање инсистирате дека се е донесено со консензус и со знаење на инвалидните организации. Но, таквата работа апсолутно не е точна и не е вистинита. Мислам дека, или ова не го знаете како проблем, не ве известил некој од вашиот кабинет, или не сте ја оствариле средбата со тие организации.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Јас ја разбирам неинформираноста на пратеникот Мавровски, бидејќи е активен на многу полиња, па нема можност и капацитет, што е сосема нормално се да следи.  Значи ова е со апсолутен консензус на заедницата на инвалидските организации и како што реков целиот процес траеше 6 месеци. Интерпарламентарната група достави забелешки пред неколку недели, ние се сретнавме со неколку претставници и во присуство на еден од претставниците на инвалидските организации каде што укажавме дека тие две забелешки што ги имаше Интерпарламентарната група се всушност невозможни од формално правен аспект да се вградат во самиот закон и дека ќе бидат вградени во подзаконските акти што

беше дискутирано и што беше прифатено и за што јас тука ви говорев. Инаку, сакам да укажам уште еднаш особено на пратениците на опозицијата дека политичката дебата во Парламентот барем јас, а верувам и тие според нивното однесување ја сваќаме како еден постојан процес жесток на меѓусебно убедување и во тој процес и министрите и пратениците треба да прифатат во една демократска толерантна атмосфера, меѓутоа жестока атмосфера да дебатираат. Впрочем тоа е и смислата на Парламентот, проблемите што постојат во општеството преку расправи за законски, подзаконски акти, за состојби, ги изострува и ги прави транспарентни, видливи и за поширокото граѓанство и на тој начин ја олеснува и одлуката на сите учесници во процесот. Оттаму и взаемната желба и од моја страна, а верувам и од ваша страна за изострување на проблемите, треба да биде позитивно оценете и поздравена. Најлошо би било ако овој Парламент се претвори во една стерилна академска средина каде што во расправите ќе нема ниту малку жар.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам зборувајте за законот.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Зборувам за законот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не. Вие зборувате за тоа како треба да се однесува Парламентот.

Бидејќи министерот имаше излагање, тоа станува дел од законот. Значи, можете да се обратите, по втор пат да се јавите.

Процедурално има збор господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине претседателе, значи би ве замолил вас да му обрнете внимание на господинот Манасиевски, министер за труд и социјална политика и заменик премиер, значи да му обрнете внимание тука од говорница, јавно, дека кога се обраќа на пратениците, сепак треба да се обраќа со едно достоинство, не да упатува квалификации и критики какви што сака да ги каже, значи кој пратеник колку е ангажиран, кој пратеник колку е информиран и тн., значи тие забелешки да си ги задржи за него и за Владата. А овде во Парламентот со оглед на тоа што е гостин, а не домаќин треба да се однесува според правилата што ги регулираме според деловникот. Значи, да не ни држи лекции на пратениците, туку да се однесува онака како што според деловникот треба да си го брани законот. Јас би ве молел како претседател да му обрнете влијание.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа го кажав, можеби не за поединци, туку за целиот Парламент и за сите пратеници.

Има збор господинот Благој Голомеов.

БЛАГОЈ ГОЛОМЕОВ:

Почитуван претседателе, почитуван министер, претставници на Владата на Република Македонија, почитувани колеги пратеници,

Јас можам да кажам дека после опсежната дискусија на министерот едноставно ми ја урна целата концепција на моето излагање. И не ми преостанува ништо друго туку да протестирам после седницата кај него. Меѓутоа, и можам да го разберам бидејќи се работи за релативно млад министер, креативен, полн со енергија и често пати неможе да се додржи, а да не реагира на неаргументирани напади, или забелешки.

Јас сепак, ќе го задржам своето право да кажам неколку зборо. Прво, не ми е јасно следејќи ги дискусиите на опозицијата, не ми е јасно дали со овој закон се бранат интересите на работодавците, или на инвалидизираните лица. Мислам дека пред нас се наоѓа еден закон кој од хуман и социјален аспект може високо да се оцени, закон преку кој треба да се стимулираат работодавците да вработат, односно да ресоцијализираат една категорија на граѓани со кои судбината на еден, или друг начин трагично си поиграла. И неможам да разберам дека овој закон кој е донесен, како што повеќе пати се напомена во 2000 година и тоа без никакви пак би рекол контролни механизми, дека се применувал, ако се следеа добро дискусиите на опозицијата во 2001, 2002, меѓутоа во 2003 година кога оваа Влада дојде на власт почнале главните злоупотреби, тогаш почнала експанзија на фирми во вид на заштитни работилници, тогаш почнале намалувањата на средствата од посебниот фонд и тн. Факт е едно, дека само после неколку месеци од донесувањето на Законот кога се иницијализирани сите дупки во него, почнати се сите злоупотреби. Кога е донесен законот имало само 88 фирми како заштитни работилници, веќе во 2001 година се дуплираат, некаде 150, во 2002 година скокаат на 280, во 2003 се завршуваат со 450. Тоа покажува дека и покрај ваквото нагло зголемување на бројот на фирмите сепак анализите покажуваат дека се потрошени во последните три години некаде околу 7 милиони евра за вработување на цирка 700 инвалидизирани лица. Значи, по десетина илјади евра за секое инвалидизирано лице, или нешто помалку од 1000 евра месечно, што јасно упатува на заклучок дека се во прашање тешки малверзации. Поради тоа внатрешната контрола по иницијатива пред се на

Министерството  за труд и социјална политика, преку внатрешната контрола на Бирото за вработување беа направени одредени согледувања во текот на 2003 година и беа констатирани навистина тешки злоупотреби. Некаде преку 20% од инвалидизираните лица воопшто не работат, туку седат дома и земаат надоместок од 50 евра. Многу од нив се шиканирани на еден или на друг начин. Средствата  кои се добиваат  по три основи треба да се каже дека овој закон од една страна индиректно, а од друга страна директно ги стимулираат работодавците, индиректно е со тоа што не плаќаат персонален данок и не плаќаат данок од добивка, а директно со тоа што по три основи добиваат некаде околу милион денари пари, што не е мала сума на пари. Јас одговорно тврдам дека многу голем дел од овие фирми се регистрираа само за тие милион денари средства кои можат потоа да се повлечат од државата воопшто не водејќи сметка ниту за инвалидизираните лица, ниту за подобрување на условите за работа, ниту за купување на опрема што навистина ќе биде во функција на тие инвалидизирани лица. И сега кога се донесуваат измени на законот кои јасно ги детектираат и воочуваат недостатоците, кога се воспоставува еден контролен механизам, преку кој Бирото за вработување континуирање ќе го следат трошењето на тие средства кои државата од џебовите на граѓаните ги издвојува и ги дава за да ги стимулира работодавците и со тоа да се избегнат било какви злоупотреби од тој дел и покрај тоа во овој закон уште една друга придобивка која се добива со измените е дека се зголемуваат стимулациите за вработување на оние инвалидни лица кои се навистина со тежок инвалидитет каде што наместо 20 плати се даваат 30 просечни месечни лични доходи. И во една ваква ситуација јас навистина неможам да  разберам дека еден ваков однос пред се од страна на опозицијата спрема измените на овој предлог закон. Овде исто така би сакал да укажам дека треба посебно да се внимава овој контролен механизам од страна на Бирото за вработување треба да се постави така за да се избегне можното коруптивно и бирократизирано однесување од нивна страна се со цел навистина да биде во функција на ефикасна контрола на средствата кои се добиваат по основ на вработување на инвалидизирани лица. Исто така, членот 16-б од Предлогот на измените на законот кој јасно укажува дека до колку одредено инвалидизирано лице ја напушти работата по своја вина, тогаш во рок од три години фактички му престануваат сите субвенции, неможе ни да се пријави во Заводот за вработувње, ниту за него можат да се земат други пари од Фондот за инвалиди. А треба да се води сметка дека тука исто така треба да биде еден силен контролен механизам бидејќи има многу злоупотреби во овој дел. Луѓето се под таква пресија, често пати

неуки и принудувани се често пати да потпишат документи со кои доброволно им престанува тој работен однос или сами се откажуваат од работата и тн. И едноставно работодавците, овде и на тој начин ги изигруваат, фактички примаат нови инвалидизирани лица, а овие остануваат во една ситуација ниту на небо, ниту на земја. Мислам дека тука треба да се обрне големо внимание и стриктно да се регулира овој член односно да се води сметка што значи престанувањето на работниот однос на неопределено време на инвалидизирано лице кога е по негова кривица, или одговорност, или кога е по одговорност на работодавците, а многу ретко се случува тоа по одговорност на работодавците да престане тој работен однос. Се на се би рекол на крајот дека ЛДП, Пратеничката група во целост ќе го поддржи овој закон и сметам дека тој е во права насока да ја игра улогата за која и е наменет односно да биде во функиција на ресоцијализација на оваа структура од наши сограѓани.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Голомеов.

Повелете госпоѓа Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Јас се јавувам повторно за збор за да му докажам на министерот дека не се срамам и дека не сум лобист на оваа или на оваа група, туку сум лобист на граѓаните и реално сакам да ги согледаме ситуациите. Само незнам министерот на која група е лобист.

Сега, во контекст на законот, да не ме предупредите, ќе го прашам министерот, какви предлози министерот прифати од следниве организации: Заедницата на инвалидските организации, само немој да кажува дека е усогласување на терминот лица со инвалидност. Тоа го знаеме. Друго што прифати Министерството за труд.

Второ, што прифаќа од националното координативно тело за еднакви права на лицата со хендикеп. Што прифати Министерството за труд и социјална политика, од Заедницата на заштитните друштва и ако веќе министерот толку се грижи за правата на инвалидизираните лица, а сите други ги смета за лобисти на нешто друго, ќе му кажам следново:

Најголемиот број барања од страна на невработените инвалидизирани лица е, средствата во износ од 30 просечни плати за вработување на едно лице на

работодавецот, да му се исплаќаат сукцесивно, а не во еднокртен вкупен износ, како што сега се исплаќа. Значи, ако сакало Министерството за труд и социјална политика навистина да ги сопре сите злоупотреби кои сепак треба да се докажат, тревало да ги прифати и овие барања на инвалидизираните лица што тој толку ги брани.

Што се однесува до членот 16-б, како што спомна и колегата Голомеев, јас и во претходната моја дискусија, ако добро забележа министерот, мислам дека тој задоцни малку, имаше уводно излагање заменик министерот за труд и социјална политика, а не министерот, реков дека членот 16-б е добро решение. И одредени други решенија се добри во самиот текст на предлог законот. Меѓутоа, одредени одредби кои јас ги посочив, апсолутно не коинцидираат со таквата добра намера која ја има министерот, заради поголема заштита на правата на инвалидизираните лица. Јас незнам како министерот ќе го обезбеди европскиот тренд за вработување на инвалидизираните лица во отворени претпријатија и да нема гетоизирање како што и самиот тој кажа, во заштитните друштва, кога имаме 400.000 невработени кои се наоѓаат на Заводот за вработување во Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине министер.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Јас говорев и во своето излагање, меѓутоа, за жал изгледа не сум добро разбран.

Не се работи за однос каде Министерството дава предлог, па некој на тој предлог дава амандмани, забелешки или сугестии. Се работи за сосема нов процес. Значи, заедно се констатира дека одредена регулатива не чини и се формира заедничка група што од првиот момент работи заедно во дизајнирање на решението. Значи, не дискусија постестум врз основа на некој предлог. Затоа, не случајно ја истакнав вредноста на овој процес. Една вредност се измените што ги имаме во законот што денес се надевам ќе ги усвоиме, а другото е во самата методологија на работа каде што заеднички се доаѓа до решенија и тоа гледано долгорочно е поголема вредност и од самите конкретни измени, самиот начин на работа што во потполност е спроведен според Декларацијата на Советот на Европа. Ние, морам да кажам на тој дел од процесот сме посебно горди.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута реплика госпоѓа Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Министерот, очигледно мене сака да ме направи инвалидизирано лице, како јас да не сум го разбрала.

Јас разбирам дека имале заеднички тимови. Тоа на сите ни е јасно дека тие тимови заедно работеле и дека министерот е посебно горд на процесот за доставување на ваков предлог. Меѓутоа, ваквиот предлог и гордоста или процесот, нема на инвалидизираните лица да им ги обезбеди редовните месечни примања.

Меѓутоа, министерот ми остана должен за одговор, како тој тим и кои забелешки, затоа што имаше некои, интерпарламентарната група имаше определено сугестии, еве да не се забелешки, сугестии за определени прашања како да се решат со овој предлог за изменување и дополнување.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓа Поповска, имате збор.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата.

Најнапред јас би сакала да реагирам, должна сум, на последните зборови на госпоѓа Којзеклиска, бидејќи искажана директна навреда на инвалидизираните лица, со негативна конотација. Јас морам да укажам, токму и како учесник во интерпарламентарната лоби група за лица со посебни потреби. Мислам тоа не беше соодветно, меѓутоа сите ќе се учиме со текот на времето, така што верувам ова друг пат нема да се случи. Никој не смее да се навредува. Сите сме рамноправни граѓани и мислам не треба негативна конотација за никој да се додава. Не сте ја разбрале проблематиката госпоѓа Којзеклиска. Можеме да разговараме потоа, после седницата, ќе ви објаснам.

Јас сега би почнала со моето излагање.

Бидејќи беше спомната интерпартиската парламентарна лоби група во повеќе наврати, јас се чувствувам обврзана да дадам една мала хронологија.

На последниот состанок на интерпартиската парламентарна група, тоа беше уште минатиот месец, бевме договорени да поразговараме и околу законот за вработување на инвалидизирани лица и при тоа од техничкиот комитет на оваа лоби група беше подготвен еден работен материјал како основа за дискусија. Ако ми дозволите јас би кажала само што содржеше тој материјал.

На почетокот беше кажано - во процесот на формулирање на измените на овој закон како ретко кога претставниците на Министерството за труд и социјална политика ги консултираа организациите на лицата со хендикеп. Ова секако е вредно за пофалба. Да напоменам техничкиот комитет го сочинуваат повеќе лица и претставници од инвалидски организации и претставници експерти по право кои ги разгледуваа законските текстови. Меѓутоа, во текстот понатаму се вели дека покрај неколкуте значајни подобрувања кои предлагачот ги има образложено во предлогот за измени, сеуште остануваат нерешени некои од дилемите кои беа забележани во претходниот закон и при тоа се наведуваат главно три забелешки.

Првата забелешка се однесува на сукцесивност при исплаќање на стимулот, од неколку плати, хипотекарно обезбедување, задолжителна ревизија на финансиското работење, на фирмите корисници и сите тие се ставаат како една забелешка што се смета дека не е експлицитно решена во законот. Меѓутоа, се очекува дека со Правилникот можеби ова ќе се внесе. Јас би сакала да кажам дека за тоа треба да се размисли, тоа се сериозни забелешки кои произлегуваат од искуството.

Следната забезлешка се однесува за вработување на инвалидите во јавниот сектор. Тоа навистина не постои во законот. Наведено е дека за тоа е разговарано со министерот за труд и социјална политика, меѓутоа, дека тој оваа сугестија во моментот не ја прифатил како нешто што не би можело во моментот да биде реализирано. Значи, тоа е втора забелешка за која јас лично сметам дека во иднина треба да размислиме за неа и да се обидеме во догледна иднина такво нешто да внесеме, со внесување дури и на квоти за вработување во јавниот сектор.

Трета забелешка која беше кажана беше дека ќе треба да се обезбеди контрола на ова работење од страна на невладините организации, конкретно од оние кои се најнепосреднор заинтересирани и кои го имаат проблемот дома.

Ова беа главно трите забелешки кои беа во работниот дел на состанокот на интерпартиската парламентарна лоби група. Што се случи потоа?

По дискусија околу овие забелешки беше договорено како лоби група да побараме состанок со министерот за труд и социјална политика и да излеземе со

неколку барања, да се обидеме со измени преку амандмани, од страна на Владата на Република Македонија односно од страна на министерот, да може да се внесат одредени забелешки кои би биле прифатени. За таа цел беа изготвени вкупно четири забелешки и сите колеги од интерпартиската парламентарна лоби група ги имаат претд себе, претпоставувам. Тие четири забелешки беа доставени до министерот и беше побарана средба со него. Средбата беше закажана веднаш по овој состанок на лоби групата, меѓутоа беше закажана за 26 февруари, кога се случи трагичниот настан во нашата земја. Така што таа средба од разбирливи причини не се реализира. Затоа мораше таа средба да се реализира непосредно пред разгледувањетот на овој закон во Собранието на Република Македонија.

Беше организирани средства од петтмина претставници од лоби групата, четворица пратеници од различни политички опции и од позиција и од опозиција и претставник од техничкиот комитет на лоби групата, значи претставник на инвалидската организација. Така што, во разговорот во министерот и со стручните лица кои работат во Министерството, беше кажано следното, по нашите четири забелешки со кои истапивме.

Првите две забелешки се однесуваа на вклучување на невладини претставници во контролата на овие процеси на вработувањето и беше објаснето дека во овој закон не е ни можно да се направи тоа, да се внесе како амандмани, да се внесе како текст, затоа што се работи за тој фонд што ќе биде посебен фонд, како што е наведено во законот. Всушност тоа е истиот фонд кој веќе постои. Тоа е Управниот одбор на Фондот и таму се внесуваат претставниците по друг закон. Така да, со оглед на тоа што се работи за една специфична материја, министерот изрази подготвеност во секој случај да обезбеди вклученост на невладини претставници, двајца невладини претставници во тој фонд, преку специјален правилник кој ќе биде изготвен и не повика нас како претставници од интерпартиската парламентарна лоби група да учествуваме во подготвувањето на овој правилник, значи во заедничкото разгледување на тој правилник. Значи, тие први две наши забелешки, се разбравме дека сега не можат во овој закон да се инкорпорираат, тоа може само со друг закон, односно може да го реши Министерството со правилник.

За следните две забелешки беше објаснето, стручните лица објаснија дека она што се бара е понеповолно барање за инвалидите и дека ваквите решенија се сметаат за најприфатливи, најдобри за самите инвалиди и дека пред се се тргнува од заштита на инвалидизираните лица.

Во договор со сите присутни на тој состанок, со сите петмина, како што реков и од позиција и од опозиција и со претставник од невладината организација, се договоривме дека го прифаќаме ставот на Министерството и дека ќе очекуваме понатаму соработка во изработката на правилниците, а исто така и дека го следиме функционирањето на овој закон. Така што, јас и лично да го кажам и мојот став, верувам дека тоа ќе биде став и на колегите и од лоби групата, меѓутоа верувам на сите колеги пратеници кои се заинтересирани за оваа проблематика. Јас верувам дека сите многу внимателно ќе го следиме спроведувањето на овој закон и будно ќе следиме и да видиме дали ќе се појават и каде ќе се појават одредени можеби неправилности или недоречености кои што би можеле да бидат на штета на инвалидските лица и веднаш да реагираме со дополнување, со одредени измени преку закон за изменување и дополнување на овој постоечки закон.

Значи, она што во моментов го добивме како задача, и колегата Мавровски бидејќи ме праша претходно, не беше во тек со ова за жал, јас мислев дека колегите од пратеничката група ве известиле. Значи, таа работа ја обавивме, еве хронолошки затоа отидов можеби малку предолго, преексклузивно, меѓутоа, за да нема забуна значи, исполнето беше она за што се договоривме.

На крајот, останува да ги чекаме правилниците кои што ни беше кажано дека се практично веќе изготвени во ова меѓувреме додека се чекало да дојде на дневен ред законот. Јас очекувам многу скоро да се вклучиме во таа дебата, а паралелно реков, да го гледаме законот.

На крајот, како моја лична заложба што би сакала да ја кажам и би ги замолила претставниците на Министерството за труд и социјална политика да имаат предвид, мислам дека навистина вреди да се размисли за оние забелешки кои што беа сугерирани од Техничкиот комитет на лоби групата, да се размисли за тоа како да се обезбеди сукцесивност при исплаќање на стимулот. Исто така, да се размисли околу можноста за вработување на инвалиди во јавниот сектор. Мислам дека тоа се важи елементи на кој што начин ќе се покаже дека инвалидните лица навистина ги третираме сите како рамни на секој друг граѓанин, без никакви ограничувања и дека во овој овој случај, навистина ги има извонредно, извонредно малку во јавниот сектор, да се размисли евентуално дури и за квота за нивно вработување.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓа Поповска.

Барете реплика?

Реплика има пратеникот Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Јас сакам само да укажам дека на она што го кажа колешката Лилјана Поповска дека е изречена навреда од моја страна на сите инвалидизирани лица. Меѓутоа, сметам дека тоа не е така како што го прикажа колешката Лилјана Поповска, затоа што мојата намера беше да се обратам на министерот за труд и социјална политика кој велеше дека јас добро не сум слушнала што се зборувало и како се зборувало во неговото претходно излагање, така да доколку некој смета дека е навреден со таквото мое изнесување, тогаш јас се извинувам до сите кои тоа го разбрале погрешно.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине претседателе, дами и господа пратеници, господин министер,

Тренд во ова Собрание е не следиш, не ме разбираш. Ние денеска со добра желба и консензус на сите политички партии донесуваме еден закон по скратена постапка што мислам дека треба да има позитивни ефекти. Ако цениме дека невработеноста е тешка психолошка и социјална состојба на поединецот, тогаш невработеноста на инвалидизираните лица со хендикеп е двојно потешка состојба. Знаејќи каква е состојбата во државата, се оперира со бројка од околу 400 илјади невработени, знаејќи дека трендот оди во нагорна линија и ако се сака нешто да се постигне, овој закон дава една реална можност за она што е тренд во Европа. Кажуваме дека во 2003 година со позитивни ефекти оди целата европска и светска заедница за луѓето кои се со посебни потреби и се води една голема кампања за да се овозможи реално реинтегрирање и вклопување во интегративните процеси на животот.

Денес малку ја промашивме темата, затоа што главна поента на тој закон значи ново вработување на хендикепираните лица. Ние ја изместивме расправата до таму што се занимаваме и на индиректен начин ги обвинуваме и им судиме на

работодавците. Работодавците се тие што треба да ги стимулираме. Овде во Парламентот треба да направиме еден баланс што значи да се зголеми вработеноста на хендикепираните лица и доволно да ги стимулираме работодавците. Како што кажа и самиот министер, постојат причини за неспроведување на законот, што нема никакво оправдување, а за неспроведување на законот постојат посебни санкции и тоа не значи дали биле исправени пред дилемата да избираат меѓу подоброто и полошото, меѓу најлошото и уште полошото и за тоа да се оспорува донесувањето и спроведувањето на законот. Ако знаеме дека според информациите се поднесени 150 барања за нови вработувања од заштитни работилници во тие организации, тоа би значело дека не се само 150 туку ново вработување на 200, 300 или незнам колку лица. Во овој момент не можам да коментирам, затоа што ги немаме сеопфатните анализи. Се поставува прашањето зошто не се вработени. Ако се оперира со бројка дека во Фондот во Министерството на посебна сметка се издвојуваат средства во износ од 3 милиони евра, но не можам да зборувам за искористени или неискористени средства. Слушам произволни бројки дека наводно се искористени 2 милиони евра, а остануваат неискористени 1 милион евра, па се поставува прашањето зошто се чекало тие 1 милион евра да не бидат дадени и зошто не се дава можност на тие кои бараат и имаат потреба, за да ги вклопиме тие хендикепирани лица, да ги вработиме. Демагогија е и имам чувство дека дел од пратениците не го прочитале законот, но зборуваат дека сега треба да размисли Министерството. Што треба Министерството да размисли кога ние го донесуваме законот? Ова е последна фаза и денес се произнесуваме по законот и гласаме за него, иако се донесува во скратена постапка. Дали треба да ги вклопиме во јавниот секгор? Сигурно да. Тоа требало да го предложи Министерството и сега добивам едно чувство дека на тоа не можеме да одговориме, а ние пратениците сме збунети и не знаеме што се случува, кој е сега предлагач на законот. Слушаме дека министерот се оградува и вели дека Министерството не е предлагач на законот, туку невладините организации. На самиот закон стои дека предлагач на законот е Министерството. Што е сега поентата, што се добива, а што се губи. Што е поентата, да се бега од одговорност? Ако знаеме дека 15% се средствата од вкупно собраните средства во Министерството за труд и социјална политика, а тие средства се огромни, зошто стојат средствата цела година и не биле ставени во функција да се завртат, да се направат нови вработувања. Ние имаме реакција на работодавците, кои цела година имаат барање кое стои и ако го толкуваме членот 22 од законот, влегуваме во

контрадикторност, затоа што оние кои поднеле барање за заштитни работилници, кои се на број 150, како ќе ги третираме сега кога има поповолни услови во новиот законски проект. Ова е многу симптоматично и сомнително, желбата или она што сакаме да го апострофираме во дадениот случај, што е дадено во законот дека фирмите што имаат услови и бараат нови вработувања, преку барање и исполнување на условите, а да ги исполнуваат и критериумите дадени од ресорното министерство, што значи да имаат бонитет на фирмата во позитива и во последниве девет месеци уредно да ги плаќаат придонесите за пензиско и инвалидско осигурување и за здравствена заштита, нека ми посочи Министерството која е таа фирма што има заштитна работилница која во последниве девет месеци има позитивен бонитет и девет месеци редовно ги плаќа придонесите за пензиско инвалидско осигурување и за здравствената заштита. Во државата има еден општ тренд, со новите укази кои дојдоа од Министерството за трд и социјална политика, добростоечките фирми сега да доцнат, па затоа бараат пролонгирање на плаќањето на придонесите кои треба да ги дадат за пензиско инвалидско осигурување и за здравствена заштита, кои бараат пролонгирање и етапно плаќање година за година. Не сме рални или шпекулираме, или ја лажеме јавноста и оние хендикепирани луѓе кои се надеваат дека од ова ќе добијат нешто.

Го делам мислењето ако се издвоени толку средства, а беше кажана голема бројка, но не го делам мислењето со еден од претходните дискутанти дека за адаптација на едно работно место - обично ссе мериме и правиме урамниловка со Европа - во Македонија, иако сме на крај на крајот е 20 иљади евра. Она што некој вели дека се 10 иљади, тоа е нормално. Не треба овие негативни трендови и кажувања на пратениците да бидат негативно сватени кај законодавецот. Законодавецот ја погреши шемата затоа што се фокусираше на она што значи злоупотреба. Злоупотреби ќе постојат, но Министерството е тоа што во тој сегмент може да ги лимитира и контролира, но за тоа постојат и институции во оваа држава. Постојат министерства, контроли, инспекции и други институции кои се стручни и компетентни за она што е направено како неправилност да се евидентира и санкционира. Тоа не треба сега да ни служи како лоби, да кажеме еве заради тие причини оспорувавме шест, седум или осум месеци и не им дадовме можност на оние фирми кои треба да направат нови вработувања. Логиката на нештата, ако размислуваме во тој дух и по таа концепција, новонастаната фирма или сега да се формира фирма за два месеци, според овој закон бидејќи таа нова фирма нема девет месеци, нема можност да направи барање и да бара ново вработување за

хендикепираните лица, затоа што законот е education децинден и вели најмалку девет месеци. Значи, сите нови фирми кои имаат барање и сакаат да направат ново вработување на оние граѓани со посебни потреби, немаат таква можност и тука ги хендикепираме.

Така како што е даден законот има позитивен тренд во делот на законската регулатива, но не држи оправдувањето дека заради можни злоупотреби во дадениот момент ги  судевме и заради тоа не треба да функционира, односно ги држиме тие еден милион евра. Сега се поставува прашањето и граѓаните се сомневаат кој оперирал и каде се тие пари, дали тие пари не се злоупотребени. Тие средства можеби се употребени, но ние ги немаме позитивните ефекти, немаме елаборација во делот на она што ќе значи образложение во самиот законски проект, за да видиме колку вработувања има, колку злоупотреби, фирми и пари, па да ги видевме сите ефекти. Тогаш Парламентот можеше многу прецизно да заземе став и иако има консензус по ова прашање, да ги видиме сите ефекти. А овие демагошки кажувања дека ќе ги следиме - ние од Парламентот нема што да следиме, ние не сме судии. Ние во Парламентот имаме друга задача. Ние треба овој законски проект кој доаѓа од Министерството за труд и социјална политика да го поддржиме или одбиеме, а тие што мислат да го дотераат, да му направат шминка, мејкап, нека дадат амандман,  нека го подобрат текстот, нека дадат подобри решенија. А ние ќе следиме некоја лоби група? Глупости. Каква лоби група, женска група ќе лобира тука? Не држи ова.  Законот е дециден.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Даневски, да ве потсетам, денес ви е роден ден и малку да бидеме попрактичн.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Добро, ова го давам за хендикепираните во државата со посебни потреби. Би бил најсреќен овој закон да го донесеме за да го избалансираме она што значи нови вработувања и она што значи стимул кај работодавачот. Ако одиме по оваа линија, да им правиме контрауслуга на работодавците, ниеден работодавец со овие мерки и притисоци нема да сака да вработува. Сега се поставува едно прашање, кое го отвори министерот: Кој е тој што го врши надзорот, кој е тој што одлучува. Слушаме дека парите се собираат во Министерството за труд и социјална политика,  одлучува Управниот одбор при Заводот за вработување, а дел од  барањето на заштитните

организации  да се вклопат и тие да бидат како дел во одлучувањето, бараат место во Управниот одбор. Немојте сега да кажеме дека тоа ќе се регулира со статутот, со организацијата, затоа што се шпекулира. Еве и ние не знаеме, слушаме информации и можеби се е така како што кажува Министерството. Но кога ќе има некој член во Управниот одбор од заштитна работилница, тогаш тие ќе бидат директно вклучени, нема кој да ги штити, директно ќе бидат на лице место и ќе ги следат сите позитивни и негативни збиднувања во делот што значи вработување на хендикепирани лица.

Главната поента на она што значи тренд - ние сме соочени со фактот што во Македонија има околу 400 илјади невработени. Се најавуваат и нови отпуштања. Слушаме дека  Желзница ќе отпушти 2000 работници како технолошки вишок, слушаме дека во администрацијата ќе има нови 5000, слушаме дека Армијата ќе има 1000 нови,  и уште од каде не слушаме се нови и нови. Дајте ако има барем малку можност, а има средства, да помогнеме и главната поента да биде ново вработување на овие луѓе со посебни потреби, оние хендикепирани. Да се фокусираме на тоа, а да не се дефокусираме, за она што е злоупотреба постојат институции и механизми, да се вклопат сите и работата да ја извршат институциите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Најдовски.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Уште еднаш сакам да се заблагодарам на поддршката на пратениците за донесувањето на овој закон и во интерес расправата да биде скогаш поткрепена со факти, само да свртам внимание на неколку факти, затоа што од претходниот пратеник со право беше истакнато дека треба да се има балансиран пристап и тоа е сосема во ред. За да тргнеме од фактите кога влечеме констатации, треба да знаеме дека средства по основ на постојниот закон се доделуваат по четири основи:

1. Вработување на лица;
2. Адаптација на работно место;
3. Набавка на опрема и апарати    и
4. Изградба, доградба на работен простор.

Токму првото, вработување на инвалидни лица, како што посочив,  е главниот тренд и ние се трдиме тој тренд да го оствариме.

Што велат бројките? Законот почна да важи од 2000 година. Во 2001 година по овој закон се вработени 161 лице, 2002 година 362 лица, 2003 година 493 лица, што значи 2003 година се вработени толку лица колку што се вработнеи во претходните две години, што значи нема никаков застој. Резултатите ќе беа уште подобри ако имавме подобар закон.

А во однос на вработување на инвалидни лица, во 2003 година имаме подобри резултати одколку 2001 и 2002 година заедно, затоа што тој основ по тој режим всушност беше најдобро регулиран во споредба со другите во законот и таму беа најмалку можни злоупотреби. Во другите режими злоупотребите беа многу повеќе воможни и затоа таму Управниот одбор на Заводот за вработување со право посвети и со една посериозна динамика и во еден процес на темелно разгледување, ги разгледуваше сите апликации. Значи тие забелешки дека е закочен процесот апсолутно не држат. Напротив, фактите говорат дека е двојно зголемен бројот на вработување на невработени лица. Впрочем, овие податоци се јавни податоци, ги има на сајтот на Заводот за вработување, секој пратеник може да ги провери и да се информира и од нив да извлече заклучоци.

Второ, во однос на тешката економска ситуација што постои во државата и оптоварувањето на фирмите да плаќаат придонеси, токму и со постојниот закон овие фирми, заштитните организации се ослободени од плаќање придонеси и тоа не само на бројот на тие што се вработени, 40%, туку и на останатите 60%. Што значи не постои никаква дополнителна отежнувачка околност. Напротив, од старт се создадени системски услови преку ослободување од придонесите овие фирми да можат да ја вршат оваа општествено корисна функција, така што тука не постои никакво дополнително оптоварување, туку со системско решение овие фирми од старт се ослободени од плаќање било какви придонеси.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Даневски една минута контрареплика, повелете.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Претходниот пратеник е Слободан Даневски. Сега дали има подобар или полош закон, има донесен закон и функционален закон, дали постојниот закон функционирал или не функционирал. Во тој контекст одат и забелешките од овие здруженија кои заедно кооперирале и соработувале со вас, група на заштитни друштва и нивното укажување е да се упати прашање до министерот каде би стоело

вака. Прашуваат: Каде се парите од посебниот фонд за заштита на друштвата на инвалидизирани лица, зошто три месеци не се доделуваат средства за посебниот фонд и зошто барањата за доделување средства чекаат скоро цела година, наспроти на важечкиот закон кој е дециден, за 60 дена да се достави одоговор. Ако одговори министерот на овие прашања, се ќе биде јасно и ги надмионуваме сите недоразбирања.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор министерот  Јован Манасијевски.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Одговорите ви се дадени во Одговорот на пратеничкото прашање на пратеничката Андова во месец март 2003 година и во Одговорот на пратеничката Бонева од јануари 2004 година. Таму е дадено точно како средствата од придонесите во Заводот за вработување се трошени, а секако се согласувам дека треба да следи истрага од надлежните органи и не е Министерството за труд и социјална политика задолжено за тоа, за начинот на работење на Заводот во текот на 2001 и 2002 година.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор пратеникот Соња Лепиткова.

СОЊА ЛЕПИТКОВА:

Мојата забелешка на дискусијата на колегата Даневски би се состоела во следното. Сепак, при своите излагања и дискусии треба да винимаваме на некои работи, особено кога дискутираме за категоријата на лица како што се инвалидите, хендикепирани лица за кои треба да покажеме посебна грижа и како општество и како пратеници во овој парламентарен дом.

Кога се формираше Интерпарламентарната лоби група, пратениците кои влегоа во нејзиниот состав тоа го направија врз доброволна основа, поаѓајќи од тоа дека чувствуваат потреба да работат во таа група на волонтерски основи, значи без никаков надомест и само да напоменам дека ова не е новина во нашиот Парламент, дека на ваков начин вакви интерпарламентарни групи работат и во другите држави и во другите парламенти и сите тие имаат една хумана димензија да можат да

помогнат со своето лобирање за да можат да се донесат и подобрат законите кои ги засегаат овие лица.

Навистина сакам да упатам на некој начин забелешка на ваквата дискусија дека тоа е една женска група, затоа што од 17 членови кои се дел од оваа група, седум или осум се наши колеги, меѓу кои би ги спомнала господинот Фатмир Асани, Исмет Рамадани, Зоран Шапуриќ, Тито Петковски, Благоја Гештаковски, Спиро Мавровски, Чедомир Краљевски и сите тие на доброволна основа влегоа и даваат свој исклучителен придонес во соработката во оваа Интерпарламентарна група.

Сметам дека Министерството за труд и социјална политика треба да послужи како пример на министерство кое соработува и со невладините организации и со други институции, за кои се однесува некој закон, се со цел за донесување на квалитетен закон или за подобрување на текстот на законот. Навистина пред нас имаме еден квалитетен закон, кој е донесен во консултации на сите нивоа, за да може да направи поправка на она што се гледаше како недостаток на претходниот закон и во поглед на вработување, значи подобрување на условите во вработувањето и во контролниот механизам, што како пратеник секогаш ќе го поддржувам и сметам дека парите кои се одделуваат од граѓаните и те како секогаш треба да бидат контролирани кога, како и зошто се трошат. Навистина треба да престанеме со макретинг по овие прашања, кои ги засегаат инвалидизираните лица, да дадеме придонес во тоа да работиме на проекти кои ќе можат да овозможат една широчина за тоа каде ќе можат да се вработуваат овие лица, каде не би се чувствувале дека се само изигрувани, како што тоа се работи во зветот и едноставно да го поддржиме овој закон затоа што ценам дека со тоа што нема многу амандмани е навистина добар и квалитетен закон кој треба да биде поддржан од сите пратенички групи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и пред заклучокот да го кажам ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го констатираат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 60 пратеника, чекаме за уште еден пратеник да дојде. Ако е тука некаде или во холот да влезе во салата, ако не ќе ја прекинам седницата.

Значи му предалгам на Собранието да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнвуање на Законот за вработување на инвалидни лица.

Ве повикувам да гласате.

Гласале вкупно 60 пратеника, 59 гласале за, 1 воздржан и нема против.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласате.

Гласале вкупно 59 пратеника, сите гласале за, нема воздржан, нема против.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 2 и на член 13 за менување на став 2 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија, поднесе амандмани на член 2 став 2 . Член 3 и 21, член 11 во новиот член 12-а став 1 и на член 15 во новиот член 16-а став 2 и 5.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 2 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

JОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Се прифаќа.

ЉУПЧО JОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на членовите 3 и 21, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согалси повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

JОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 11 во новиот член 12-а став 1, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согалси повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на законот.

Породолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Гласале 59 пратеника, 59 гласале за, нема воздржани, нема против.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Кпонстатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица.

Минуваме на точката 30 - **Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за отпад, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени донсоно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменикот министер за животна средина и просторно планирање.

ДРАГОЉУБ МАТОСКИ:

Почитуван господин претседателе, почитувани пратеници,

Причините поради кои се предлагаат измени на Законот за отпад се од отпочнатиот процес на децентрализација и пренесување на надлежностите во комуналната сфера од државно на локално ниво.

Притоа, поаѓајки од постојните законски решенија содржани во законот за отпад, ограничена е можноста за вршење на комунална дејност депонирањето на цврст отпад и технолошки отпад за подрачје на две или повеќе општини, со можност тоа сами да го организираат и вршат.

Имено, последниот Закон ваквата комунална услуга ја препушта да ја врши јавно претпријатие освновано од Владата на РМ.

Во таа насока, ваквото законско решение не кореспондира со одредбите од Законот за локална самоуправа, според кој општината самостојно во рамките на законот ги уредува и врши работите од комуналните дејности, меѓу другото во областа на собирање, транспортирањето и поставувањето со комуналниот цврст и технолошки отпад, што вклучува и депонирање на овој вид отпад.

Според тоа, целите што се сака да се постигнат, со предложените измени на законот на отпад, се во функција на целосно пренесување на надлежностите во организирањето иврherшењето на оваа комунална сфера од државно на локално ниво. Но предложените измени се и од значење за имплементација на проектот, финансиран од страна на германската банка за развој КАЕЊ , што има за цел воспоставување на нов и подобен систем за управување со цврст отпад, со основање на меѓуопштинско јавно претпријатие за територијата на 35 општини во Југозападниот дел на Македонија.

Со оглед дека не е во прашање обемен и сложен закон, Владата предлага Собранието на Република Македонија да го донесе во скратена постапка законот, односно на истата седница на Собранието да се претресе Предлог законот за донесување на закон за изменување на Законот за отпад , со Предлог на закон.

Почитувани пратеници, со измените на законот за отпад ќе се овозможи целосно заокружување на процесот на децентрализација во делот на собирањето, транспортирањето и постапувањето со комуналниот цврст и технолошки отпад, што вклучува и негово депонирање, за што очекувам и ваша подршка.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има пратеникот Коце Трајановски, а нека се подготви пратеникот Спиро Мавровски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

На дневен ред е законот за изменвување и дополнување на Законот за отпад. Би сакал да кажам некои свои размислувања во врска со овој закон.

Имено, според постојниот Закон преработката и депонирањето на комуналниот цврст и технолошки отпад, може да врши јавно претпријатие основано од општината, односно Градот Скопје, или вршење на дејност се дозволува на друго правно или физичко лице.

Понатаму се вели дека депонирањето на комунален цврст и технолошки отпад за подрачјето на две или повеќе општини, го врши јавно претпријатие основано од Владата на Република Македонија.

Со вакviот начин на решавање на постојниот Закон, има едно крупно решение, со кое за локални проблеми , практично главниот збор го има Владата на РМ , а се работи за комунални проблеми кои што се од областа на екологијата, а сите знаеме дека во таа област , ние како Република Македонија, не сме на некое завидно ниво, имено, ние сме далеку испод стандардите кои што владеат во Европската унија.

Со овој Предлог на закон, со овие измени и дополнувања, ќе се овозможи две и повеќе општини да се здружат заеднички и да основаат јавно претпријатие. Значи надлежноста од Владата, преминува на општините, знаејки ги своите можности и способности и пред се, потреби за основање на едно вакво претпријатие, значи иницијативноста и главната надлежност паѓа во нивни раце и сигурно ќе придонесе за едно поквалитетно решавање на проблемите од оваа област, кога се работи за депонирање на цврст и комунален отпад.

Имено, една општина, според постојниот Закон, значи ако е една општина, тешко ќе може да формира едно вакво претпријатие, бидејки се потребни многу финансиски средства да се изгради една депонија за отпад по сите стандарди, бидејки таа депонија треба да овозможи, да не се загадува околината и да нема негативни импликации по околината.

Во Скопје за такво нешто се користи депонијата Дрисла, Куманово има своја и секој град одприлика. Еве сега и општина Илинден е во фаза на формриање на депонија, нивната иницијатива е сигурно за поздраввување и можеби, доколку беше законот донесен порано, ќе можеа да се здружат две и повеќе општини, за да може ова и побрзо да се направи.

Што е она, што јас не се согласувам со овој предлог на закон, а тоа е во членот 2 од измените и дополнувањата на овој Закон, се вели, дека за изградба на простории и објекти за складирање, преработка и депонирање на комунален цврст и технолошки отпад, средства се обезбедуваат од буџетите на општините, односно Градот Скопје, средства на производителите на овие видови отпад, кредитни

средства, донации и други извори на средства во согласност со законот. Додека во постојниот Закон се е исто во ставот 2 во член 37, само со тоа што сега е исфрлена одредбата, во која што се вели дека се обезбедуваат средства и од Буџетот на Република Македонија.

Сметам дека не треба да се исфрли и оваа можност, значи ќе напоменам дека е како можност, и средства да се обезбедуваат , меѓу другото, и од Буџетот на РМ, бидејки знаеме каква е состојбата, како што претходно реков во оваа сфера од аспект на депонирањето и преработката на комунален цврст и технолошки отпад во РМ од една страна и од друга страна, знаејки ја финансиската способност на голем дел на општините во РМ за решавањето на овој проблем кој што, ќе напоменам повторно, бара многу средства, за да може да се направи квалитетна депонија, која што ќе ги задоволи сите стандарди од аспект на екологијата. Така да, со постојниот Закон државата, т.е. Република Македонија не е обврзана да мора од Буџетот да издвојува средства за изградба на овие депонии, туку се има можност , доклку има пари и се оцени дека во таа општина во тој момент е потребно да се инвестираат средства, да може тие да се инвестираат меѓу другото, покрај од општините, покрај од донации и од производителите на опрема или отпад, да може да се добијат средства од Буџетот на Република Македонија.

Сметам дека тоа ќе придонесе за побрзо и поквалитетно решавање на овој проблем во Република Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Трајановски.

Повелете г. Мавровски имате збор.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Почитувани колеги, почитуван претставник на Владата,

Пред нас имаме Предлог на закон за изменвуање и дополнување на Законот за отпад, со Предлог на закон. Тој закон, всушност се состои и од два члена. Едниот член е Јавното претпријатие составено од Владата на РМ, отпаѓа, и се заменуваат со зборовите: “меѓуопштинско јавно претпријатие основано од општините, односно Градот Скопје” и во членот 1, она што значи обезбедување на средства од Буџетот на РМ се обезбедуваат средства од буџетите на општините. Сето ова е во ред, гледајки го законот ваков каков што ни е презентиран, кажувајки дека овој закон е

донесен во 1998 година, дека во Законот за локална самоуправа, новиот закон, членот 22 став 1, точка 4, ги дефинира надлежностите на општините во сферата на комуналните дејности, како самостојни кои во рамките на законот ги уредуваат и вршат , меѓу кои спаѓаат и собирањето , траспортирањето и постапувањето со комунален цврст и технолошки отпад, што го вклучува и депонирањето на овој вид отпад. И сето ова е во ред, но, тука е она што Владата сака да се донесе еден закон, мислам овој закон е пворзан и со наредниот закон за комуналните дејности кој исто се однесува  на оваа ситуација. Но многу жално е ако ова не е како што треба, а сигурно не е предвидено до крај, затоа што и двата закони се донесуваат само поради една одлука на Владата број 23 4175/1, каде што Владата донесува одлука со која што ќе се прифаќа еден договор за кредитирање, како што кажавте од германската  банка за развој, а тоа е проектот број 14 71.

Значи со овие два члена кои ние тука ги пишуваме и кажуваме дека тоа треба да биде имплементирано, за да можат општините да добијат подобра услуга , мислам дека апсолутно ништо не дефинираме, тука веќе  не знаеме кој ќе биде тој сооснoвач, какви ќе бидат правата, кои се обврските со овој закон. Апсолутно ништо во таа сфера не се уредува. Значи, според мене се тргнува од овој кредит, за кој што да се изврши икплементација на овој проект е непосредно пворзана со основање на меѓуопштинско јавно претпријатие, што со овој закон ние всушност мораме да го направиме.

Прво, е донесена одлуката на Влада, па донесени се одлуките по општини дека веќе тој проект треба да функционира и сега еве сме ние парламентарците на крајот да кажеме дека ова треба да го усвоиме, дека треба да се формираат вакви меѓуопштински јавни претпријатија и со тоа комплетно овој проект да биде затворен. За жал, мислам дека требаше да биде обратниот процес уште со Законот за просторно планирање, каде што точно Република Македонија ќе ги дефинираше кои се тие депонии. Тука слушнавме дека имаме депонии, јас велев дека во Република Македонија има една депонија, која што донекаде може да ги задоволи критериумите, тоа е депонијата дризла, сите други се ѓубришта, кои поголеми, кои помали, кои што можеме да ги видиме непосредно покрај регионалните патишта како ѓубрето гори, непосредно до рудниците за загадување на околната средина и апсолутно не се никакви депонии, туку се загадувачи на целата средина во Република Македонија. Тоа е многу опасна работа и мислам дека во овие два закони требаше да се вложи многу повеќе, комплетно да бидат поврзани со цела проблематика. Тука се повикуваме само на еден член и тоа членот 22 од Законот за

локална самоуправа. Ние, тие закони веќе ги донесовме. Во тие закони како и што понатамуу ќе биде прифатено и имплементирано веќе треба да знаеме. Тука кажува дека спроведувањето на цитираната одлука и подготвувањето на правните претпоставки за основање на спомнатото јавно претпријатије, ја налага потребата за измена и дополна на постојниот закон за отпад. Значи, повторно една потврда дека се е во интерес на овој кредит од таа германска банка за развој. Ние, како парламент се доведуваме во ситуација да носиме два закони, за да може овој кредит да се прифати. Меѓувреме општините веќе носат такви заклучоци, се одредуваат некои средства, кои граѓаните на Република Македонија треба да ги плаќаат за нешто што ќе биде после 4 или  5 години или може да се случи ништо да не биде изградено, затоа што такви случувања сме имале,а граѓаните треба да плаќаат за нешто што допрва треба да следи, а псолутно не добиваат никаква подобра услуга во моментот за однесување на комуналниот отпад, за подобра услуга, за почист град или веќе да имаме некоја депонија на која што во догледно време ќе гледаме дека можеме да размислуваме тоа ќе биде спас за поодделни општини и комплетни региони на Република Македонија. Сега, ова е инцидентно, другото може да биде повторно инцидентно, може би ќе треба да носиме нов закон, затоа што одделна општина нема да се сложи да учествува во ваквото формирање на едно како што велите меѓуопштинско претпријатие, кое што треба да опфати дури 35 општини, а бегаме од едно јавно претпријатие, кое што треба да го формира државата и одделен дел од тие средства да одат од Буџетот на Република Македонија, барем во тие големи депонии, каде што навистина има доста средства кои што треба да се вложат, а вака се ќе падне на товар на граѓаните. Општините со својот и така кревок буџет, едноставно ќе мора да се осврнат само на оние средства и на оние донации од граѓаните. Многу тешко можеме да најдеме донации на некој што ќе вложи и што ќе сака да помогне да се регулира сето ова, но тој едноставно нема интерес. Што е уште пострашно, веќе се носат одлуки оваа депонија после изградувањето да биде отстапена на некои приватни сопственици, кои понатаму ќе работат со депонијата, а знаеме дека ова е добар бизнис во земјите на ЕУ. Тука треба многу да се размисли. Затоа, не би сакал цело Собрание, еве и ова што кажувате дека финансиските средства ќе бидат утврдени, зависно од одредбите на Законот за територијална поделба на Република Македонија и од Законот за финансирање на општините. Значи, накнадно ќе биде дополнително утврдено колку финансиски средства и дали Буџетот воопшто ќе учествува во сето ова.

Мислам дека не би требало Собранието законот да го донесе во една ваква ситуација, пратениците да одлучуваат за нешто што е веќе завршено. Мислам дека требаше да се има повеќе доблест ова да се презентира многу појасно, почисто пред пратениците, да се разработи овој закон и да се каже што точно и како можат овие меѓуопштински претпријатие во кои би учествувале 35 општини, така што целиот тој процес кој правно би управувал, кој како и со колкав процент секој би учествувал, мислам дека е нешто поголемо и дека т ребаше да добиеме некој закон, кој што овде пред пратениците би го презентирале малку повеќе, за да можеме да продискутираме и да можеме да дадеме предлози токму на тој закон, да можеме да измениме амандмански интервенирајќи, навистина, да се заштити Буџетот на општините, кој ќе биде во првите години сигурно многу кревок и да се заштитат граѓаните на Република Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави пратеникот Борче Петковски.

БОРЧЕ ПЕТКОВСКИ:

Колега Мавровски, за да нема ѓубришта, навистина, потребни се депонии. Се сложувам со вас дека имаме ѓубришта покрај патиштата и на многу други локации во државава.

Една работа да им е јасна на граѓаните дека ова практично е договорено во 2002 година, во почетокот кога имавте вие Влада. Уште една работа, што е многу битна, овој проект непредвидува зафаќање од граѓаните Само за илустрација, бидејќи имавте и една прес конференција во врска со депониите пред извесен период, казавте дека сето тоа ќе оди на сметките на граѓаните, што не е вистина, бидејќи само за општина Битола потребно е да издвои средства во висина некаде од 2 милиони денари за реализација на овој проект во 2004 година.

Ова што го изнесовте за тоа кој ќе управува и како ќе управува со претпријатијата и тоа е дефинирано, бидејќи основачите на меѓуопштинското јавно претпријатие учествуваат со свој соодветен оснивачки долг и статусот и сопственичката структура ја определуваат самите основачи. Значи, со свој основачки акт.

Најбитно од се е и е чиста шпекулација и дезинформација дека ова ќе оди директно на штета на граѓаните за услугите кои што ќе треба да ги пруча меѓуопштинското јавно претпријатие. Должничко доверителските односи ќе се градат помеѓу општинското комунално претпријатие, кое што ќе го собира сметот од

граѓаните и меѓуопштинското јавно претпријатие. Така, граѓаните, навистина, ќе немаат врска со функционирањето и работата на ова претпријатије.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Мавровски една минута реплика.

СПИРО МАВРВОСКИ:

Добро, еве слушнавме дополнение на ова што го кажав. Тоа значи потврда дека е веќе дефинирано тоа кој ќе управува и како ќе управува, основачкиот долг веќе се знае и сега имаме една ситуација, која што ја кажува г-динот Петковски дека граѓаните нема да плаќаат. Значи, тоа ќе биде Комуналец во Битола или општинското претпријатие со меѓуопштинското претпријатие. Незнам и сега општинското претпријатие од кого зема пари, дали од граѓаните на Битола, или од Буџетот на Република Македонија.

Како мислите да се направи ова со 2 милиони денари, а проектот е колку, знаете и вие самите. Така што, овие 2 милиони денари ако се толку што треба да ги плаќаат граѓаните на Битола, само за проектот или за тој што треба да врши ревизија на проектот и определба, тоа е во ред. А, дека толку ќе кошта оваа депонија и ќе имаме квалитетна депонија, многу добро знаете кредитот колку ќе изнесува и кој ќе го плати потоа кредитот. Должничко поверeничките односи се градат врз основа на тоа, а тоа значи повторно ќе платат граѓаните.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ставете ги картичките и ве молам утврдете го бројот на пратениците во салата. Се обраќам на службениците.

Последен пат ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Почитувани пратеници, бидејќи следниот закон е од оваа област, нема да биде штета тука да завршиме. Претставникот мора и онака за следниот закон да дојде.

Го затворам претресот.

Бидејќи немаме кворум за гласање, продолжуваме во вторник во 10,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,00 часот. )